Киро Ристовски
Тел 091/202-491 / 12-02-1989
Скопје

До
Претседателството на
Општински одбор на СЗБ од
НОП. Ресен

Во прилог на ова писмо ви ги испраќа 59 пишани своерачно за сеќавањата за борбениот пат-баталјонот "Стив Наумов" и баталјонот "Христо Ботев" и за сеќавањата за легендарниот ратен командант Наум Васиљевски-Овчарот, кој има го носа-шенаниот баталјон-надимакот "Овчаровци" кои за најрејтанот на североисток каде се одвивале борбените дејствија од Осоговото, ал-Карадова-Козјачијата-Црна Трава.

Со моја оно што интересно и корисно во интерес на обогатување на нашата историја и револуција на НОВ на Македонија, да се кажува искажува за големиците јунаци и легенди како што беше нашиот генијалниот и легендарен командант баталјона Наума Василиеви-Овчарот.

Се извинувам што со овија неважни рака сум устаал нашто да напишам нешто околку ка

./.

интересно и корисно Ви се тоа во можност да оцените и процените. Моето пишување на 40 листа рачно можеби неспилско, не коригирано со оглед на моите здравствени и умствени способности. За некои изоставани и непотполни настани, можат да се однесат искажат во своите сеќавања наши соборци и учесници. Во разговор со наши другари борци се поставува прашањето? зашто нашиот неуморлив борец и командант - Овчарот не е прогласен за "Народен Херој". Мене како и на другите другари соборци и раководители ни зачудува да досега немаме знаење дека нашиот вреден легендарен и неуморлив борец за слободата и командант како и другите познати личности и команданти на Македонија и Југославија да нема "Народен Херој".

Откако ќе се изврши потребната текстуална стилизација и корекција, молам да ми биде вратен мојот ракописен текст.

Горното Ви се доставува со молба на Ваша надлежност и употреба.

Приложени
40-четириесет листова

Соборец
Киро Ристовски
ул "Отон Прица" бр. 16/II/15 стан
91000-Скопје

# Сеќавања на Киро Ристовски

## за борбениот пат на групата баталјони „Стив Наумов" и Христо Ботев од 5 декември 1943 год до 25 февруари 1944 година

По формирањето на I-ва МКУБ. на 11 Ноември 1943 год во Дебарца и со нејзиното дејствување и маневрирање на 5/6 декември 1943 год. од Дебарца преку планината Галичица која се наоѓа помеѓу охридското и преспанското големо езеро во правецот на Отешево, преминува на егејскиот дел во с. Граждано, Орово и с. Винени и на 10 декември 1943 год. со сета половина бригадата пристигна во с. Герман. Овдека бригадата престојува неколку дена поради реорганизација, така на 11 декември од составот на бригадата за командант на баталјон „Стив Наумов" е поставен Наум Веслиевски-Овчарот. Пред тоа беше командант на баталјонот „Мирче Ацев" на I-та МКУБ. Пред нашиот строј се појави човек од среден раст, црномураст со остар поглед, а некако сериозно однесување, а ни се чинеше при неговото претставување пред борците на баталјонот најавувајќи насмевка. Повеќето борци го познаваат уште пред тоа како одважен борец командир и командант како одмерен и неустрашив борец. Меѓусебе борците се раскажувале шепотејќи и пренесувајќи еден на друг, дека со својот командант „Овчар" ќе бидат во состојба да ги извршуваат и најтешките борбени задачи не жалејќи го и својот живот.

Наум Веслиевски „Овчарот" во кратки црти зборуваше пред нашиот строј кратко и јасно тој нагласи: Другарки младинки, младинци и борци. Знајте од денеска сум поставен и назначен за ваш командант на баталјон „Стив Наумов" за значењето на човекот што е врзано неговото име, мошне добро вие познато беше, што беше и што значеше, а и сега сте во таков состав и гордејте се што го носите неговото име. Од Вас

борците и раководителите заедно со мене да ги извршуваат своите задачи во борба против окупаторот и домашните издајници и нивните слуги.

Од како Бригадата престојуваше во с. Герман од неколку дена и по снабдувањето со храна и облека од страна на населението организирано од раководството на политичките позадински органи, Бригадата на 13 декември од с. Герман преку Бели Води пристигна во с. Буф - Егејска Македонија оддалечено од град Лерин неколку километри 4-5 км. Нашиот баталјон како самостоен на бригадата беше одреден за челен одред и се движеше на чело на бригадата, така да во с. Буф челната патрола информирајќи се од месното население дека во жандармериската станица во селото се наоѓаат 4-5 корофилаци, командант Наум Веслиевски "Овчарот" нареди да се потполно заробат каде што тој и самиот пристигна на самото место. Заробените корофилаци се разоружани и спроведени во Штабот на бригадата.

На 13/14 декември преноќевме во с. Буф, а на 14. во мугрите го преминувавме Леринското поле меѓу Горно и Долно Клештина и железничката пруга Лерин-Битола, така на 14 декември пристигнавме околу пладне ~~пристигнавме~~ на Кајмакчалан каде што ги затекавме - сретнувавме грчките партизани.

Во текот на движењето и минувањето на железничката пруга на Леринското поле, поради обезбедување на пругата грчката власт имаше испратено бурандарска жандармериска група, но од сознанието(?) во поглед на фактот колоната на бригадата за непријателот претставуваше значаен стратешки и воен потенцијал на партизанското војување и дејствување. Непријателот - групата бурандари повлекувајќи се во стравична безумност пукајќи напразно безцелно во ветерот. Командантот Овчарот својот баталјон кој ја обезбедуваше главнината на Бригадата од непредвидени напади на непријателот,

./.

наредил што побрзо борците да се повлечат и свртат во колона, на командирите на чета му наложи да превземат мерки на претпазливост што баталјонот е одреден во зачелен одред за несметано движење на главнината до Кајмакчалан. Патот од Буф преку Леринско поле е минат скоро во мугрите, почнувајќи од 4 часот, а осамнувањето не затече над селото Горничево кога веќе сонцето се појави од својата страна и златна урамнина и на борците им внесе охрабрувачка зимска насмевка.

Борците на бригадата на Кајмакчалан за 3-4 дена се одмараа и се препремаа за нови претстојни борбени задачи. Командантот Овчарот наредува преку својот курир сите командири на четите да добијат нови и кратки наредби и задачи на кои им поставува: чистење и подмачкување на оружјето, крпење на облеклата, подесување на истата, укажување на санитетска помош на болните и други потребни работи оставајќи иницијативата и снаодливоста на потчинетите раководители и старешините, ставајќи на знаење дека тој со својот штаб на баталјонот ќе врши контрола на поставените задачи и наредби.

По неколкуте денови на престојот на Кајмакчалан и запознавањето со групата на Грчките партизани уверувајќи се во соработката и заедничко дејствување, се откри дека раководителите на Грчките партизани на Кајмакчалан кои беа стационирани и залогорувани дознале за некое лице по имено "Овчар" да е командант на баталјон како што го велат (командант-Тагматархис) и во една прилика се увериле дека во средбата со него оставил голем воинички и командански впечаток, со рутинерство подвижност и способност, што значи да биле мошне импресионирани од угледот на нашиот командант.

/.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ... Социјалистичка ...

умешноста и способноста на Наум Васелевски-Овчарот ќе се види и оцени во борбените дејства и раководењето со поверените единици со кои ќе ги води во борбата за слободата на Македонскиот народ и на другите народи и народности на Југославија. По 4 дена поточно на 18 декември бригада и баталјонот "Стив Наумов" пристигна кај с. Фуштани и с. Ноти Егејска Македонија поточно речено Караџово.

Маневрирањето и маршутата на МКУБ. од Дебарца до Караџово изнесуваше над 300 км, а пројдениса за 12 дена!

На 20 декември 1943 год е формирана во с. Фуштани II-та МУБ. Всушност со формирањето на II-та бригада ГШМ. формира групи на бригади и баталјони- Прва група I-та МКУБ. II-та бригада како 2-група и 3-та група ќе подобро наречена Источна група баталјони "Стив Наумов и баталјонот "Христо Ботев" Оваа група добива борбен задаток на 26-12-1943 год. ја напава караулата во с. Конско-Гевгелиско каде што биле стационирани бугарски војници, и јас сум бил еден од учесниците како п. пушко митралезџија. Со баталјон Стив Наумов командуваше Наум Васелевски-Овчарот, а со баталјоно Христо Ботев Диче Петров.

На Круша планина постоеле магацини со разна воена опрема и прехрамбени артикли добиена од сојузниците за потребите на грчките партизани Елас, Германците биле информирани ги нападнаа магацините пошто не биле обезбедени доволно од единиците на Елас биле ограбени и однесена целокупната интенданска опрема. Преку ноќта пристигна сојузнички авион кружејќи над партизанскиот аеродром, но не пуштајќи никаков материјал, ово беше договор на

./.

сојузничката мисија војна и на штабовите на Елас
и Главниот Штаб на Македонија, како би германците
помислиле да е пуштена од авионот опрема повторно
за да можат и ова како и предходната да бида заро-
бена, но овој пат гадно се преварија, затоа што бата-
љонот "Стив Наумов" на чело со командантот Овчар доби за-
дача од с. Архангелос да тргне и во раните утрински часови
? на 11 јануари 1944 год пристигна пред с. Одзин-с. Ливадија.
и тука се замаскираа борците во високата и густата
папрат чекајќи по адекватна и прецизна наредба и задача.

Од како беше извршена проценката и анализирана во
кратки црти положбата, намерата на непријателот се дошло
до заклучок: дека Германците се склони по втор пат да нападнат
на аеродромските магацини, сметајќи и пратејќи патот га кру-
жењето на сојузничкиот авион со веројатноста за спуштање на
воена опрема и исхрана за партизаните како што ги нарекуваа
Германците (бандитите). Овчарот имаше свој адет па вели мај-
ката нивна му се насладило на Германчињата; од оно неќнежното,
и сега пак сакаат истото дало направат па ќе видиме како
ќе поминат. По извршената проценка командантот одлу-
чува четите да ги постави во заседа во вид на тробојка или
како што војнички се вели углом назад што значи од право-
цотот на движењето на непријателот  една чета
десно, една во лево и 3-та чета по назад со уокрстување на дејст-
вието на оружјето. Командирите на четите ги разведуваат едини-
ците по положајте и ги запоседнуваат добро замаскирани без ни-
какво мрдање, движење и појавување на шамите положај. Наредбата на
командантот Наум Васиљевск-Овчарот строго бараше да се по-
читува и гласеше: Од како непријателот ќе навлезе со своите
главни сили длабоко во заседата прво со оган од сите оружја ту-
каат борците на 3-та чета, а по тоа отвараат и двете чети водок
и во грбот на колоната. Овчарот беше склон да издава кратки
наредби, да поставува задачи и бараше отклонување на грешките.

./.

Борците нестрпливо го очекуваа непријателот незабележливо маскирани во високата и бујна папрат со својата удави но како да му вееваше на борците и старешини охрабрувачки дух и морал, во тој момент додека мислите владееја, се пренесува шепотот глас гостите се појавиле и се приближуваат кон својот одреден правец, само бидејте спремни за пригодување на свечаниот прием и дочек. И навистина Германската колона навлегува подлабоко во нашата заседа, така да челото на Германците доаѓа до непосредна близина на 3-та чета која ненадејно ги пречекува со разжарен оган и тоа беше потикот и знакот да и другите две чети земат удел и отворат брза паљба од една и друга бочна страна. Наскоро непријателот беше совладан и разбиен во панична состојба. Непријателот располагаше со бојна комора неколку минофрлачи-пешки скоро и секое одделение имаше во својот состав мали минофрлачи од 50мм. Разбиената Германска колона изгуби 15 мртви, 13 заробени и повеќе ранети, а покрај тоа запленето 4 митралеза 2 минофрлача од 81мм и поголем број минофрлачи од 50мм. незнатен број пушки, а нарочно имаше многу расфрлани ранци, кабиња и друга војничка опрема па дури и обувки. Германците рашштркано кој како можеше бегајќи пред борците на Овчаровиот батаљон, а тие што не успеваа да се одвлечат наоѓале засолништата во поголеми ~~ра грмушки~~ густи и невидливи грмушки, каде што биле пронајдени и ликвидир.

## Февруарскиот поход од Кожув до Козјак-планина Кумановско.

---

Групата батаљони конечно на 31 јануари 1944г. од с. Зборско преку Пајак пл. Баласица ограждан пристигнува на Бапашица кога ја преминува границата и продолжува кон северо-источните падини на пл. Плачковицата. И Гопак во неговото подножие (Огранок на Плачковица-планина), и оттаму да се настојува со еден мал одмор и подоцна марш да се изврши префрлување преку Брегалница. Само по совем краток одмор во село Лаки се продолжи марш кон с. Пакљане, тука во ово село се пристигна сабајлината

./.

Сојуз на здружениата борци ... Ресен



околу 6 часот на 16 февруари. Борците беа распоредени за одмор по селските куќи, а за обезбедување на групата баталонот беа поставе осигурувања на баталонот и на ГИМ. спрема с. Блатец и општо спрема полето од каде се очекуваше веројатен напад над нашите баталјони.

При самото влегување во селото, забележав група селани како гледаат оружјето на командантот Овчарот пошто на некои муго отимаше од раце, па на висок тон им викаше зошто вие ово оружје за да ги браните бугарските фашисти кршејќи пушката на неколку парчиња од камен, и на нив му се обрати со следниве зборови: Сега вие ќе си одите дома и ништо да не зборувате што ќе ви речам. Ние сме македонска војска, нама да излегувате од дома седодека ќе престојуваме во селото, а нама да ја помагате окупаторската германска и бугарска војска. И на крајот му извика сега дове нама и селската стража разоружана се разотиде.

Командирот Крсто Соколовски-Питерката мене
! како пушкомитралезец, Гуц и Анче како мој помошници одмах бевме поставени-испратени на осигурување спрема с. Блаце, по нашето поставување околу 7 часот од кај Блаце по патот кон Паклане забележавме коњичка група од 4-6 коња и полицајци.
? Прв групата ја забележа Гуц, но пошто беа доста оддалечени однас неможевме да утврдиме дали се работи за полицијата или за луѓе селани кои одат по сеча на дрва, па ги пуштивме да се приближат. На одредено отстојание отворивме оган, но одма ги снема галопирајќи назад кон селото Блаце-Кочанско поле. За ово нашето го известивме нашиот десетар Бустри-
! кот, и командирот на четата.

Околу 08 часот на 16 февруари 1944год. се појави една поголема единица во колона и јачина од 150 луѓе и со натоварени грла се упати од кон Блатец за с. Паклани, за кое нашето беше известен командирот на четата

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА ... на Социјалистичка Република Македонија Општински ... РЕСЕН



командантот на баталјонот Наум Васкаски-Овчарот кој превзеде енергични мерки за што побрзо спротив ставување на непријателот, баталјонот заврзе положај и на непријателот, кои се приближи на 100-150 метра беше наредено да се отвори оган од сите врсти на оружјето. Трештеа пушки, пушкомитралези, автомати и различни рачни бомби.

Непријателот врше притисок над нашите борци обидувајќи се во неколку напати да го скрши отпорот меѓутоа сите негови покушај се одбиени со помали и поголеми против напади така да непријателот беше скршен и разбиен. Запленет еден тежок митралез, повеќе сандаци со метkovi и други материјали како и еден коњ-вол натоварен со метковни сандаци.

Борбата траше скоро преку целиот ден, така баталјонот продолжувајќи го правецот на движењето за преминување на мостот Исти Бања на реката Брегалница. За овој премин преку мостот Брегалница кај Исти Бања е направен тактички и стратешки потег зо 180 степени за опколка и да се дојде на истото место на преминот. Откако групата баталјони помеѓу селото Трсиново и селцето Максимовци колоната мина меѓу два непријателски заседи ненадејно и го продолжи маршот кон мостот преминувајќи преку истиот претходницата, а по неа на 200-300 метра се движеше и целата колона. На чело на претходницата се наоѓаше и командантот на баталјонот "Стив Наумов" Овчарот. На мостот беше поставена селска стража. Звнето таа почна дати запира предните делови од како се одазвала на нивниот позив со узвикот стој кој иде; одзивот беше Бугарска војска, но стражарите веднаш се фатени, разоружани и поведени со себе во колоната.

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ... Социјалистичка Република ... Општински одбор



По преминот на мостот на реката Брегалница
почна искачувањето на групата баталјони по стрмнотини-
те на Осоговската планина во правецот на с. Саса
и с. Пресека каде што влегуваат во борба со други неприја-
телски колони. Непријателот по секоја цена вложувајќи
сите свои сили да го заземе гребенот - Пресека да ги
ликвидира нашите сили, меѓутоа теренот кои го држеа
нашите единици доминираше над непријателот и иако бе-
ше надмоќан во луѓството и техниката, но морално сла-
бостоен. Снегот во повисоката височина претставуваше голе-
ма несовладлива пречка за движењето и распоредување
и употреба на техниката.

Последната пречка како водена претставуваше Кри-
ва Река со оглед да непријателот применуваше разноврсна та-
ктика, бугарските команданти во долината на Крива Река
како на реката исто така и на патот држеа некои точки,
за кои сметаа дека со нивното запоседнување ќе се спре-
чи преминувањето на нашите баталјони на Крива Река и па-
тот Куманово - Крива Паланка. Покрај сите доброномерни
податоци добиени од месните жители, јасна слика за со-
стојбата на непријателот не може да се добие. На 20 февруа-
ри 1944 година вечерта продолжен е маршот во правец Мож-
дивњак, Петралица, со намера да се мине Крива Река во
реонот источно од Чивте-хан. Но намерата за преминот
на реката беше откриен од страна на непријателот, така
да правецот на движењето и преминот на нашите еди-
ници се измени во друга насока.

Водичот Заман од село Псача, по наредба на Овча-
рот во село Мождивњак, работејќи на својот имот во текот
на денот, точно ги беше забележал местата на непријател-
ските засади, како што и з[illegible] самиот чии огнови се гледаа
и заради тоа успешно ја проведе групата баталјони на
чие чело се наоѓаше командантот Овчар, Реката беше
прегазена и минат патот Куманово- Крива Паланка
без борба.

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ... Социјалистичка Република ... Општински ... КОН

На 23 фавруари баталонот пристигнавме во утринските часови во с. Герман–Паланечко. Селото беше едно од поголемите населени места, но и доста раштркано, така да куќите била некаде групирани по два до три, а негде по една куќа, на далечина можеби повеќе од 30, 50–100 метра. На селаните и нивното расположение спрема НОБ-на беше повеќе наклонето и ако што на теренот Козјачија извесен период царувале четничките банди на Д. Михајловиќ. Сепак поред ваквата состојба Штабот на групата баталони му нареди на раководството на баталонот дека ќе се престојува во селото само еднок, борците да се распоредат по рабните и определените куќи, а да бидат одбудрни.

Поконтратан распоред ќе даде можност да извршат Штабовите на баталоните и раководствата на четите и да ~~извршат~~ постават обезбедување на своите единици. Наредено сторено. Борците беа оптимистички расположени и ако постоеше видлива замореност од макотрпниот и долгиот поминат пат. Се мудаше во мислата за средбата и допирот со кумановските Карпошовци.

На ден 24 фавруари 1944 година, во утринските часови се пренесува Наредбата на Нашиот Командант, Наум Весниевски-Овчарот за покрет и движење во правецот на Паран Планина. Баталонот „Стив Наумов" како по ред одреден во претходница, а во челна патрола нашата 2-ра чета со командирот Крсто Соколевски-Јордан Питерка и комесарот Панде Ташковски. Водичот заман од с. Герман до Планината Паран добро водеше, но кога челната патрола навлезе подлабоко испод Трвениот на Паран, но во тој момент се пренесе од штабот наредба колоната-челната патрола да застане. Меѓувремено ни стана чудно зошто се движиме под гребенот, а не по гребенот. Забележавме над нас на височината се вртеат луѓе. От како подобро погледнавме нагоре према нив утврдиме дека се наоружани и поставен пушкомитралез. Ние помисливме да се борците Карпошовци мафтајќи им со капите и рацете викајќи им Здраво другари Кумановци. Отпоздраву-

7.—

-/-

војки"(бајати) почнаат да се мувааат натамо-навамо ни пат ни шест отворија оган на нас и тоа заклучивме дека се тоа четници, а не кумовските партизани. Ние наложивме да се предупреме, согледа пречката се состоеше: во Стрмината и длабо-киот снег, па ни беше наредено да се рокираме на назад.

Четничката заседа беше опколена и разбиена од страна на дел со борците на баталјонот "Стив Наумов" и "Христо Ботев"; четниците загубија со неколку мртви и ранети, а некои успеа да избегаат на разни страни по Герман Планина. О заробениот четник кој се претстави како заменик командант на четничките [illegible] се извлечени драгоцени податоци.

На 25 февруари 1944 година е успоставена врската и контактите со Карпушовците од кога претходно беше формирана група која ќе дојде во сознание каде Карпушовците се движат и се наоѓаат. Групата составена: Бошко Станковски - раководител, Стојан Шуковски - ординанс на Г.Ш.М. и од два кумановски борци кои се приклучија во с. Кокино. Патролата што се добро информира и доби сознание од кумановските борци враќајќи се весел и насмевнат без трошка на умор, порадитоа што групата патролата ја изврши задатата, викајќи ги најдовме нашите другари партизани од Кумановско, тие се наоѓаат во с. Жегљане, тамо не чекаат да одиме. Возбуденоста и радоста кај борачкиот и раководниот кадар беше мошне изразиван и нетрпелив за значајната средба.

Групата баталјони по наредба на Штабот тргна кон селото Жегљане - тоа беше почетокот и крајот од февруарскиот поход. Патот што ги оддалечуваше меѓу овие две единици навата ни мал наголем ни подолг од 440 километри, а ги спојуваше истата цел и судбина потврдена со жалната новост пред 23 дена пред средбата, животот го положил во с. Бињача Командантот на кумановските партизани Христијан Тодоровски Карпош. Легендарен, омилен и најенергичната личност и незаборавен партизански командант од овој крај. Остави г[illegible]ми жарки врзани во срцата на народот за спомен н[а] сите македонски генерации.

По успоставувањето на врските помеѓу д[вете] единици се пристапи кон присоединувањето на сите един[ици]

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ... Социјалистичка Република Македонија ... ОПШТИНА

во село Жеглане за формирање на III-та МНОУБ,
така до околу 8 часот веќе пристигнуваа и тие на група-
та баталјони се мисли на баталјонот "Стив Наумов" и
"Христо Ботев" како и Кумановскиот партизански батал.
"Орце Николов", и Христијан Тодоровски-Карпош.

Формирање на III-та МУБ. на 26 февруа-
ри 1944 година.

Во присуство на голем број на народот при-
стигнат од блиските и подалечните населени места,
повеќе млади девојки и младинци постари и средновековни-
поблиски и подалечни роднини и пријатели, сестри, браќа
татковци-па дури и по некој од дедовците, да ги погле-
и видат своите борци на овој свечан чин. При доаѓање-
то во нивните раце се забележуваше по некоја поголема
и помалецок приврзок.

Пред основ. училиштето во с. Жеглане во дворотото
место настана голема раздвиженост и замешаност на борци-
те и народот, голема радост на очите се забележуваат
и солзи радосници. Продолжуваат прегратките и бакнува-
ња.

Точно во 8 часот се пренесе силниот глас од штаб-
бот — командантот на Источната група баталјони друга-
рот Тихомир Милошевски, единиците да се постројат
по баталјони по ред "Стив Наумов", "Христијан Тодоровски
-Карпош" и "Орце Николов" а како гостин на левото
крило построен баталјонот "Христо Ботев"

Командантите на баталјоните прифатајќи ја
наредбата и командата на Тихомир Милошевски, наре-
дија Овчарот свика гласно, баталјонот "Стив Наумов"
брзо да се построи почнувајќи 1, 2, 3, команда падна мирно
изустена од Наум Веселиновски-Овчарот. Стоејќи во став мир-
но пред стројот на својот баталјон примајќи рапорти
од командирите, и извршувајќи преглед на борците и
раководителите на баталјонот.

./.

Поред построените единици покасна пристигна Каровскиот и Јужноморавскиот одред и тие застанаа во строј како присатни гости. Со нестрпење се чекаше да се појават членовите на Главниот штаб на чело со Михајло Апостолски и да почне свечаниот чин: формирањето на Третата Македонска ударна бригада. На десната страна на построените баталјони се наоѓаа знамињата високо дигнати од знаменосците. На знамињата беа врезани срцата на македонскиот народ, славната епопеа на Крушевската Република, втиснато братството и единството на сите народи на Југославија за нивната заедничка борба за слобода и рамноправноста создадено на АВНОЈското собрање.

Со појавата на другарите на Главниот штаб се создаде затишеност. Тихомир Милошевски командант на групата баталјони прими рапорт од командантите на баталјоните, а потоа командува мирно упатувајќи се кон раководството на Главниот штаб на Македонија за момент Михајло се издвои од групата примајќи го рапортот, потоа и двајцата се упатија пред построените баталјони и застанаа на средината. Апостолски ја дигна десната рака донесувајќи до слепоочницата и со затворена тупаница ги поздрави сите построени борци со узвикот Драги борци, командири и команданти:

– Смрт на фашизмот!

Како од едно грло се чу громогласно:

– Слобода на народот!

Откако заврши приемот на рапортниот дел. Командантот на Главниот штаб на Македонија одржа мошне значаен пригоден говор. Потоа говореше делегатот на ВШ1. за Македонија другарот Темпо т.е. Светозар Вукмановиќ-Темпо. Беше прочитана наредбата за формирањето на бригадата и за раководството на бригадата во штабот се: командант Тихомир Милошевски, пол. комесар Кирил Михајловски-Групча, замен. комесар Златко Биљановски-Михајло, заменик командант на бригадата Борис Миловски, во составот на III-та МНОБ влегуваат: баталјоните „Стив Наумов“ „Христијан Тодоровски-Карпош“ и „Јордан Николовски“.

Бригадата имаше свое знаме, знаменосецот беше одреден со наредба на бат.: Благоја Арсовски-Старка.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Во своите говори Михајло Апостолски и Светозар Вукмановиќ-Темпо покрај останато им одадоа признание и захвалност на борците и раководителите за издржливоста, борбеноста и упорноста, за умешното раководење и командување во сите досегашни походи и борби со моќниот по надмоќниот и технички модерно опремен и вооружан непријател. Но моралот и духот на борците на кумановските Карпушовски партизани од Козјачијата беше голем и недостижен задавајќи на непријателот разно видни удари када ќе го стигнеа. Тоа самите бугарски фашисти и четничките банди добро ќе сеќаваат. Македонското жариште се разгоре на сите страни во Македонија од Дабарица, Егејска-Леринско, Воденско, Солунско. Од Караорман, Галичица и од Кајмакчалан, Кожув, Круша, Бојак низ Карадовото минувајќи долг и макотрпен пат поминати 440 км за време поминато од 23 дена. Тоа се борците на групата баталјони „Стив Наумов" и „Христо Ботев" кои пристигнаа и сега се наоѓаа со Вас во строј. „Стив Наумов" - командантот „Овчаров" и комесарот на баталјонот Златко Биљановски, заменикот команд. Васко Карангелевски, а малата Фана младинки раководител на баталјонот.

По завршувањето на говорниците беше приредена пригодна програма како за борците исто така и за народот кои ја пратија со гордост и ~~со~~ љубов, стекнувајќи голема верба и сигурност во борците и нивните раководители кои се борат за слобода на сите народи и народности на Југославија, за зацврстување на братството и единството. Тоа го потврди и присуството на партизанските одреди на српско јужноморавските и косовските партизани кои дејствува заеднички со кумановските ~~партизани~~ од Црна Трава до Крива Паланка.

По оваа скромна приредба борците добија и храна која беше приготвена во провизоријум и оно што народот го носеше се расподели на борците.

./.

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор

Храната беше припотвана во неколку казани од различни масни производи донесени од најблиските населени места организирани НОО и симпатизери.

Борците по баталјони и чети приоѓаа кон казаните со порциите во раце, движени до казаните примаа манџа, но сепак манџата припотвана - варан гравче со месо имаше историска популаризација, наго да речеме за компирот кој беше изоставен. По некои борци нема свој порции или канчина, та манџата им ја даваа во задничката порција на својот другар и соборец. Командантот Наум Веселиновски-Овчарот водеше сметка и грижа за борците за точноста и правилноста за поделба на храната како некој останал, макар и еден борец без храна. Обичај и навика имаше секогаш да изврши проверка не само за исхраната него што год било и од борбените задачи.

Обедот е завршен, а потоа се разгоруја разновидни партизански песни: Песни: Аоро македонче за каде се спремаш, Млада партизанка да станам во Козјак планина да одам. Се пеат српски и црногорски песни познатото Козарачко коло. Се поведува Коло-Македонка го води, ред се редат во колото: Васко Карангелевски, Пацо Гудевски, Панде Панковски, Стојан Шулевски, Лана, Мара, Ганица, Боро Стојановски, Крсто Соколевски-Петарката. Командантот "Овчарот" како да размислуваше кога ќе се фати и доко да игра штоко се упати да игра до Фана и Карангелевски Васко. Потоа се сврстоа и сите борци од баталјонот "Стив Наумов-Овчарот, тока извика Ѓуц ај мојката што се мислам јас и упатувајќи се во орото имаше обат малку да биде до раководителот и се вмеша - се фати во играта развигорајќи се како битолчанец помеѓу Карангелевски и Надо-Лана. Стана Гокина Магланица, поштo и кумановските партизани исто така и српските поведоа посебни кола во неколку врсти, па борците било од која единица се разврстувале во друго коло на пример од кумановските во битолчаните и прастанките борци и обратно од српските-косовските се разврстувале во другите ора. Што значеше ширање и зацврстување на братството и единството. Покрај партизанските борци во веселбата и орото учествува доста голем број од народот, а нарочито младите. Веселбата траеше неколку часа, а по тоа се прекрати поради припрема и понатамошен задаток.

./.

# Војно-политичкото и партиско советување во манастирот Прохор Пчински.

От како се извршени сите припреми на единиците по баталјони и четите за претстојниот задаток. Но за каков задаток се работеше ние борците не сме биле информирани. За советувањето кое станува збор. Едно ни беше јасно дека на теренот Козјачијата и терен Пчињи која скоро се протега и ги поврзува другите планини до Црна Трава. И да на овој терен дејствува четничките банди на Дража Михајловиќ така наречен "Вардарски" корпус кои соработуваат со Германците, Бугарите и нивните домашни слуги.

На 26 фавруари точно формирањето и целата церемонија, а по краткотрајниот одмор за што останува малку време кога падна командата од Командантот - Овчар да се изврши припрема за покрет и движење на баталјонот кон Прохор Пчински. Извршени се припремите на борците со чистењето на оружјето, дотерување на опремата и се друго што беше потребно. Сите единици собрани на 27 пристигнаа во манастирот макуто сите единици се сместија во конакот, а некој беа одредени за обезбедување. Се пренесува нешто преку куририте за збор на командантите и сите други раководители војно-политички на бригадата, баталјоните и четите, претставниците на Јужноморавците, Косоварите и на приштевските единици, но не се работело само за збор туку се работи за сериозна и важна работа што се вика "Советување".

Се прашуваат јасни и живи гласови: командантите, политичките комесари командирите на чета - комесарите и другите младински раководители се повикуваат на Советување каде што беа повикани и најдите раководители на чело со нашиот прочуен и славен командант Наум Веслиевски "Овчарот".

Советувањето беше од големо значење и важност.

На советувањето беа присатни и другарите:

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Светозар Вукмановиќ-Темпо, Михајло Апостолски, Страхил Гигов, Бане Андреев, Мара Нацева, Љубена Чоловска, Лина Малинска и други.

На советувањето кое траеше цел ден беа разгледувани прашањата: формирање на регуларна армија и најзначајните задачи за оспособување на воените единици и раководниот кадар за содејство на здружени единици и здружени дејствија на поважни пунктови, постојани акции против живата сила и материјалните средства, уривање-оневозможување на сообраќајните врски на окупаторот, немилосрдна борба за разбивањето на четничките Дражиќевски банди на „Вардарскиот" корпус, со содејство на акции на Јужноморавските и косовските единици. Да им се укаже сестрана помош на бугарските единици.

На состанокот на партиското раководство на 28 февруари особено се анализира за борбените искуства на раководителите стекнати во досегашните борби, па беа третирани внатрешните партиски прашања изнесени се според рефератот на командантот на ГШМ.

На советувањето со големо внимание и засилена анализата за конкретната поставка положба и ситуацијата во реонот на Куманово, Врање и Црна Трава. Во оваа анализа за положбата за Кумановскиот-врањскиот терен се укажа дека единиците на НОВ и ПОЈ ги контролираа и држеле во свои раце населените места во реонот на Козјак-Пчиња, Црна Трава, а потоа и на некои села во реонот на Св. Илија. Четниците на таканаречениот Вардарски четнички корпус во реоните Герман, и Широка Планина.

Четниците дејствуваа и ги контролираа селата во реонот на Сеец, Бујановец-Ристовац. Во Врање во секако постоеше веројатноста дека имаат организирано работ за поврзување со четниците северозападно од Лесковац. Во анализата што ја изнесе Делегатот на ВШ. за Македонија Светозар Вукмановиќ-Темпо и допакна и прашањата за дејствувањето на бугарските партизани-Трнскиот партизански одред, така и овој одред дејствуваше во реонот на Црна Трава со оглед дека на овој реон се наоѓаше и Штабот на Првата Софиска зона.

Особено во анализата стана збор за познатите тешките борби на Кумановскиот-врањскиот терен како што се:

./.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

Дранок, сега Тапинца, Офанзивата на бугарските окупатори во декември 1943 год. Борбата на Кожув движењето и борбите-движењата на групата на Главниот Штаб на Македонија се мина за баталјонот: "Стив Наумов-Битолопреспанскиот, Овчарот и Христо Ботев-Бугарскиот. За подвизите-тешкотиите, издржливоста и јунаштвото-несебичноста, волјата, моралот и духот што владееше во одреди. Раководителите и борците на овој скуп пофалени и им се одаде големо признание, напоредно не изостанаа и признанијата на борците, командирите, командантите и другите воено-политички раководители на Кумановските, Косовските и Српско јужно-Моравски единици.

Се поставија нови и сериозни понатамошни задачи. Четниците имаа намера да извршат напад над нашите единици за време на Советувањето во Прохор Пчињски, но планот не им успеа, поради тоа што нивниот курир беше паднал во наши раце и сите нивни планови им пропаднаа.

Додека траеше советувањето Десетината на Десетарот во која и јас сум бил испратена била на обезбедување надалеку од зградата кој што се одржуваше советувањето, забележавме неколку лица наоружани се префрлуваат од едно место кон друго, од грмушка до грмушка, ние пратејќи го нивното движење внимателно упатувајќи оружјето во нив со извикот стој, почнаа незгодно да се однесуваат, а потоа нам када да мрдате извика пуц, а сега ке видите и им пуштив рафал право во нив од 7 лица 3 паднаа на место, но сепак останатите не сакаат да се покорат ги одведовме во едно дрвче и таму ги докусуривме.

На ден 29-II-1944 год. во совојнинските часови по кратка постојка преку куририте се пренесуваат наредбите од штабовите на баталјоните за извршување припрема на покретот, па и раководствата на четите беа запознати со редоследот на припремите и движе-

./.

ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ... Социјалистичка Република ... Македонија ...

на Нашиот батаљон "Стив Наумов" Орчарот кренувајќи вниманието на дисциплината и редот во движењето. Командантот на батаљонот по еден член од штабот на батаљонот прати во четите за ~~пружање~~ помош на четното раководство и извршување и спроведување на поставените задачи.

Нашите одговорни старешини проценувајќи ситуацијата и можноста за концентрирање на четничките банди на Д. М. одлучи да се тргне во поход за нивното откривање и уништување.

Предходниците делови на Косовскиот одред кои се предвижуваја и одеа во контакт, а потоа и во престрелка со дражиќевците, а по извесно време за борба се разви и Јужно-моравскиот баталон во стрелачки и со енергично дејство да се заратат во контакт со четниците да ги присилат да се одржа нивниот налет прилепени на земјата како би добила во време да се развие и нападне прета бригада. Од како се пренесе празку врската дека четниците се откриени и водат борба со нашите предни единици, а и букањето непрекинато се дуњаше.

Командантот на баталјонот брзо ги повика командирите на четите изнесувајќи ја ситуацијата во кратка; црти: Слушате пушко изпатол со командирите на извршување дека се води борба помеѓу нашите единици Косовскиот Одред и Јужноморавскиот баталјон - со старци Дражиќевски четници. Нашиот баталон "Стив Наумов" нападна Старац-Сариц стривижува кон лавата дочна страна и да овлада со гребенот на сејроистичниот одред. с. Саша. височината 821. со задача да содејствува со Косовскиот и Јужноморавски баталон. Прва чета на чело со Тацо Гуравски нападна десно југозападно од к. 821 со задаток да содејствува на левиот бок на Јужноморавскиот баталон и заеднички со бргз напад врз четничката позиција да ги уништат и овладаат со доминантниот гребен кој се протега од Југоисток к. 820, /- Баранија к. 821, 698 - кукавица на Савар. III-та чета командир ——— комесарот Ефто Ри
?) стовски нападна лево од 1-та со исти задаток, сотоа што ќе содејствува со II-ри и третиот Куманoвски баталони.

II-та чета на чело со командирот Јордан-Питарска
?) и комесарот Боро Стојановски ставена во резерва со задача да се движи во меѓу просторот на 1-ва и 3-та

./.

НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН



чето спремна во секој случај што потреба за одбијање на секаквидови против напади на непријателот. Така ко-га четниците се спротивставуваа на нашите предходни едини-ци што кога се воведени во борба Кумановските батаљони. Кор-тушовци и Орце Николов на кои им беше познат одлично те-ренот просто со својте дејствија ги предизвикуваат неприја-телот познавајки им ја морално-политичката, тактичката и фи-зичката способност и подготвеност. На сите страни во реонот на: Варанца, к. 669, 821, 820–878, Бараневац, с. Буштрање – Сефер-Русце од источно западните и северо-јужните падини, пукаа пушкомитралези, пушки, шмајзери трештаа бомби, огањот-врева како во казан, од сите усти на борците на НОВ и ПО се пееше песна се вика ура напред Овчаровци, Кортушовци, Јужноморавци и косовари. Се кова ша братството и единството на наши-те народи и народности. Борбата се засилува околу план-ина. Некои од борците на 3-та ударна бригада, Српско Ју-жноморавски и Косовски батаљони ги повикувале позна-ските и подалечните познати старци да се предадат и да на време, оти ова им е шанса да останат живи да го продолжат својот возрасен и старачки живот.

На четниците овој повик како да им беше како по-тпрнувачки дигнувајќи се да возвратат со жестоки јури-ши ~~пр~~ кратки против напади кои успешно секој покушај за нивен пробив беше одбиен со правовремени мерки на нашите единици со контра против напади и јуриши. На одранаку одбраната на источниот дел во центарот на нашиот батаљон Врежниковците се координираа и седечкаа подидувајки на јуриш, но поради сите досегашни неуспеси и големи загуби иако безумни сепак мислеа на некоја надеж. Во тој момент, нашиот командант Овчаров нареди воведување на резервата во борба и со тоа се фатено целиот батаљон на јуриш од кота Падна

./.

Командата на Овчарот са дигна цалиот баталон како и сите борци на бригадата на јуриш и како еден, са вика од сите страни: од лево, десно и средината са пренесува виорот на борбениот дух, а долината на Пчиња одекнува како дали јака и притиска према паника, а на нашите борци улива на поголем степен на борбениот елан и дух и зголемувајќи го посилен налет над четниците кои са веќе гувале на некои или на друг начин да са извлечат од обрачот. Кога беше вовлечена и бригадната резерва-баталонот "Христо Ботев" под команда на Дичо Петров, тогаш бојазливите и малодушни четници барале спас некои да паднат и во рацете на овој баталон пошто овој баталон бил формиран од предадените бугарски војници во Карагулата на Конско-Тавтамир под заробеници униформиран баталон со бугарска облека. Па за тоа и овие малодушни четнички банди бараа спас. Пошто си помислиле дека са тоа нивни сојузници, но кога и овие ги притиснале во бочна и задна страна, са обидоа да са извлечат преку реката Пчиња, но таа бујна, длабока, брза и надојдена како да сакаше да гутне најголеми жртви од тие четниците.

Баталонот Христо Ботев требаше по формирањето на II-та М.Б. да замине и да са приклучи кон бугарските партизански единици кои са наоѓале околу Црна Трава.

Командантот на нашиот баталон Наум Наумовск-Овчарот поседуваше доста големо борбено искуство и како таков беше доста цврст и доверлив Раководител. Па и во ова борба како и во минатите секого и навремено укажуваше на грешките кои борците и раководителите ги правеа.; на положајот во борбените дејствија како треба да са биде неустрашлив и борба да са сочува себеси и на непријателот да му зададе големи загуби. Сам пак со личниот пример напред другари кога ке тргнаше пред баталонот за да го докаже своето херојство и борбеност, што во нас са влеваше неустрашливост, борбеност со голема државна, морално политичка стабилност и отпорнос.

/.

ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ — Социјалистичка Република Македонија — Општински одбор

Дражиковците сакоа покушај да се извлечат преку Пчиња која постоаше една надеж да ја прегазат, или препливаат меѓутоа страшно се преварија и тако голем број ги повлече Реката Пчиња како да му беше сојузник на борците на НОВ и ПОЈ.

Околу попладнето беше јасна ситуацијата, а победникот се знае. Герилата што во почетокот на борбата ги засилуваа, сега отпорот и ровиштата стаснаа. Непријателот е разбиен. Плановите на четничките команданти кои ги кроеа како стратешка цел да ги нападнат комунистите во Прохор Пчински и да ги уништат им пропадна. Борците на бригадата ги водеа заробените четници од неколку страни така да бројот на заробените изнесуваше некаде од 90-100, а имаше и такви кои не се покоруваа при водењето на борците, а командантот Овчаро не ги сакаше таквите однесувања и противење од страна на четниците, потемнувајќи пред нас нарекувајќи ги со страна, види мајката ним што спасувате живот тие нас покоруваат, па потоа зошто нас борците цените. Каде ви се вашите команданти и зошто ве оставија сами. Кажете каде ви е командантот Крстиќ Стојан, Александар Ѓорѓевиќ и др. Освен заробените четници на бојиштето останаа многу поголем број мртви, заробени се доста голем број пушки, пушкомитралези и два сандаци и оружја во Матковци.

Останатиот дел на четниците сосема мал број успеаја да избега во блиските ниви сака кријќиса во истите како ним беше откриени изнесувајќи на нејзинската пропагандата за разбивањето на Вардарскиот четнички корпус во рејонот на с. Сеоц-Буштрана-Луцци.

Значењето на Советувањето во Прохор Пчински и во говорите за формирањето на бригадата, задачата наложена бригадата и другите единици ја извршија мошне брзо-тактичко-потезно и без разни никакви загуби четниците ги ликвидираше. Оваа борба беше од голема важност и значајност за морално-политичка и воената оспособеност на командниот и борачкиот состав

-/-

што значи за многу кратко време речиси за еден неполн ден да се разбие главната четничка групација. За борците на бригадата на кого им беше прва средба и борба со Дражи-ниите четници увидоа и стекнуваjки едно големо надоврзено борбено искуство што за нив нема да им претставува проблем за извршување на идните задачи.

Главниот Штаб на Македонија и привремено обединетиот или подобро наречен Оперативен Штаб. За Југоисточна Србија и Македонија.

За подобро командување и дејствување на Кумановскиот Врански реон со трите м. НОБ. Јужноморавските и Косовските единици. Направен е план за оперативно заедничко дејство со задача борба против секаков вид непријател за проширување на слободна територија од Козјачијата-Црна Трава-Врањско-Јабланица до Пасковац.

Конечно во првите денови на март 1944 год.
? поточно по борбите во село Тајица точно вркомето на четниците во застојци како немоќна повторно да се организираат и дадат отпор или извршат ненадеен напад на нашите единици. Третата Македонска бригада, Косовскиот баталјон и Вториот јужноморавски одред од с. Вла-
? довица ја совлада четничката заседа на мостот кај Ново Село и на 2/3 март го нападна селото и во оваа борба загинаа околу 30-40 четници, заплената прилично пушки и муниција и дел од четничката администрација за соработка помеѓу четници и бугарската окупаторска војска против единиците на НОВЈ. Тие четници кои успеале да се извлечат од за-

./.

ровувања се предлоката дека Саработ за околу 130-150 четници, беа пресечени и изместени од своите бригади отстапувајќи во правецот на Широка Планина. Овие луѓе беа останати на разбиените во познатата Селска позната и прва покрупна борба што беше на здружените единици на НОВЈ против Вардарскиот четнички Корпус.

Командантот на баталјонот "Овчарот" наоружан со германски шмајзер постојано ги бодреше своите борци и раководители кога издаваше наредби за движењето и одредување-то различни отстапувања — така викани тактики за испитување на непријателското одење искривено во непознат правец, но и сам ги пробаруваше сомнителните долчина, трупки и разни објекти, така на лице место му пресудуваше на непријателот, и во оваа потера по четниците, кога тој лично му наредуваше со брз напад на командирите-четите да не дозволат да се извлечат од видот.

Последна борба со четниците беше кога тие некако набрзино пак се организирале на самиот врв југоисточно од с. Торувац, кога нашите единици пристигнаа во првите утрински часови на 4 Март. Иако четниците ги имаа зафатено поводните позиции над самото село обидувајќи се да зададат организиран и јак отпор, но нашиот баталјон во составот на III-та бригада под команда на Овчаро наступуваше во правецот кон срцето на селото приближувајќи се натурено и прикриено од гнев со чу глас на јуриш се дигнаа сите борци отворајќи брза поединечна и автоматска палба пра напред. Се разви крвава борба, но овој пат се тукаше право во срцето. Командантот врши пратење во двогледот и издава кратки наредби за уништување на непријателот. Често пати ги контролираше и нас пушкомитралезците подучувајќи и храбрејќи со внимателност да дејствуваме на отпадената ... штедејќи ја муницијата. Четниците на Дража Михајловиќ подучени од поразот претрпан во драматичната борба кај селото: Сеица, Сборец, Пратина, Боровавац, к. 821 и др. дошто им остана во сеќавање на нивните малодушни срца, така да во еднoчасовната борба четниците претрпеа доста голем пораз со мртви, никој и можеше да се рече поголем број се раѓа во паничното бегство одвојувани сите побрзо да се најдат во некоја засолништа, најдобро дома

/.

си отидоа, то во некоја друга прилика да стапат во редовите на НОВ и ПОЈ.

Иво ова борба четничките командант и командир изгубија поверење-доверба кај своите борци и покажаа незнаење и неспособност, па затоа изгубија и поверење во народот за добродат, грабачкување и постапување со: печени кокошки, јагнешко, свинчина, селска добро печена погача, разновидни пити-сарајлии и добро црно вино.

Вардарскиот четнички корпус е допотчан и разбиен повеќе наполно. Нашите борци покажаа голема морално-политичка и борбена свест. Командантите-политичките комесари и командири поседуваа вонредно воено-политичко знаење и усовршено командување.

Нападот на железничката станица Ристовац, како најголем сообраќаен јазол кој служеше за поврзување југоисток-северозапад. Што претставуваше од голема тактичка и стратегиска важност за окупаторот и маршалот Лер за маневрирање со германските единици на Балканот и Европа Север-Југ и Југ Запад-Север.

Единиците на НОВ и ПОЈ. кои дејствуваа на Козјачијата, Широка Планина, Црна Трава кадешто создадоа слободна територија, а скоро секојдневно пристигнуваа нови приливи на нови борци со засилување и зголемување бројот на четите и баталјоните се формираат нови единици. Главниот штаб и здружените штабови-оперативни кроеа планови за поголеми оперативни и стратешки захвати-напад на мошне остварливи потенцијални и важни гарнизони на непријателот стационирани во важните објекти, какошто се: големи и поголеми јазли на транспортот, сообраќајот-автомобилски, железнички и други врсти покретни и непокретни и инсталациони уреди и друго.

Како еден мошне важен објект-железничката

./.

ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

станица Ристовац еден могу потполамита разни
на железничкиот транспорт кој, секако му овозможува
на непријателот одбор маневар и снабдување-евакуација
на единиците што се наоѓаа како окупаторски во Грција.

За тоа направен поконкретен план за напад откако
се прибрани сите податоци за положба на германски-
те и бугарските сили, распоредот и техниката на железни-
чката станица и околу нао.

Откако третата бригада и косовскиот одред
беа прибрани во село Буштрање. На 27 март покрај од-
мор кога во текот на поладнето беа извршени сите подготов-
ки за предвидениот напад. Командите на четите добија
задача од штабовите на баталјоните ја пренесоа на четите и
тука се пристапи кон сите воено-политички припреми. Се врше-
ше увежбување на борците и групите минери за која цел се поделе-
ни разновиден минерски материјал и друг експлозивен мате-
ријал. Во нашиот баталјон скоро во секоја чета имаше увеж-
бани по 2-3 групи од по 1-3 борци.

Непријателскиот распоред беше на железничката
станица и околу неа, бугарски војници под помошта од адми-
нистративниот апарат вооружени бугарски чиновници избегани
од територијата што беше ослободена и најдоа засолништа во згради-
те на самата станица. Напуштената слободна територија овој
окупаторски апарат со себе ја понесе сета архива и документа-
ција од општините на слободната територија Кланика, Клино-
вац и други). Бугарските војници во јачина едно пешадиска
чета што ја бранеше железничката станица беа од составот на
52 пешадиски полк во Врања. Бугарските војници што ја бра-
неа железничката станица Ристовац беше засилена од герман-
ски окупаторски војници наоружани со автоматско оружје и
сместени во зградата од тврд материјал изградена.

Нашиот I баталјон во составот на бригадата доби за-
дача да нападне на железничката Пожилница за поправка
на локомотиви.

Командантот на 1 баталјон Наум Наумовски "Овчарот"

7.

во заедница со членовите на штабот од кога изврши преглед и контрола над борците, на командирите-комесарите на четите им соопшти за важноста и сериозна задача, а со тоа дека е потребно да се патува ноќа за да се движат единиците навремено од како ќе бидат превземени и обезбедени сите приоди на непријателот од кај Прешево, Бујановац кога што овој задаток му поставува на Јужно Моравскиот баталјон и Косовскиот одред.

Вториот баталјон на III-та бригада упатува една чета во правецот на Бујановац со задача да содејствува на Јужноморавските единици и да дигнат во воздух композиција натоварена со разни воени и технички материјални средства. Останатиот баталјон со две чети одредено во резерва.

Третиот баталјон да нападне десно од I баталјон усмерувајќи го со својот главен удар во правецот на железничката станица содејствувајќи со I баталјон за уништување на непријателските окупаторски сили на железничката локомотива и железничката станица Ристовац.

По извршената подготовка единиците тргнаа по својата определена задача на 27 март во полуноќните часови од Бушрање, село Ивањци, село Г. Ристовац. На чело на бригадата се движеа Јужноморавскиот баталјон и Косовскиот одред, на неколку стотини метри позади нив се движеше нашиот баталјон на одредено отстојание, а на чело на III-та МНОБ. Од како единиците пристигнаа во село Г. Ристовац почна развојувањето на единиците кон своите правци за приближување кон целта. Нашиот баталјон приближувајќи се на неколку стотини метра од железничката станица и ложионица од 50-100 м. Командантот на баталјонот "Стив Наумов" Овчарот нареди баталјонот да застане од кога беше присобран по четите и одделенијата, на командирите на четите одредувајќи и поставувајќи конкретни задачи за напад:

./.

1-ва чета напаѓа десно помеѓу железничката станица содејствува на третиот баталјон и го подржува и ја осигурува нападот на четата за ликвидација и уништување на непријателот кои се укрепил во рововите и другите објекти.

Втора чета напаѓа на централниот дел на железничката Ложионица во прв ред уништувајќи непријателски огнени точки кои ќе сметаат за понатамошно напредување кон Ложионицата осигурувајќи го десното ~~кри~~ и левото крило потпомогнати од 1-ва и 3-та чета со потполниот дел врши лев зафат кон железничката Ложионица уништувајќи во прв ред огнените утврдени точки и сѐ она што непријателот покушава било на кој начин да дава отпор да се уништи и го продолжи дејството кон железничката Ложионица со цел минирање и рушење на истата од југо-западниот дел на Ложионицата и другите објекти осигурувајќи непречена работа на определените минерски групи.

Дел од 3-та чета одвоена на два одделења во резерва за нивната употреба по укажаната потреба влегува во борба по мое наредба - наредбата на Командантот на баталјонот.

Минерските групи вршат минирање и рушење одредени од групи во четите исто на железничката станица Ристовац, Ложионицата, складиштата и зградата во која се сместени и добро утврдени германските непријателски војници. Известувањ по куририте и личниот допир.

Командата скрена внимание за заведената тајност и кјутливоста на борците и старешините без потреба врева, цигари и други наредби противни се забранува, а особено нагласува Овчаров без наредба нема отстапување, ако некој отстапи и создаде паника ќе му оди главата.

Овчаров секој член од штабот како пратеник ~~да ја~~

./.

во секоја ~~една~~ чета да ја следат борбата и лично презе-
маат заложнички мерки со командирот на дотичната чета.
Знакот за напад беше создаден од притукувањето и нападот на јужноморавските единици и косовскиот одред.
Се трана полугласно баталјон напред пред кеверската на Борцијата: Четите во првиот налет не како беа дочекани од непријателот со организиран и јак оган од тешки митралези и друго автоматско оружје, добро укопани во разни гнезда.
Грмадоши се тука од најтешко разновидно оружје, рачните бомби паѓаат точно во укопите, пред нас се наоѓаат бугарски војници от како дадоа привремен отпор ги напуштија положајите повлекувајќи се некаде према југо запад од железничката станица Ристовац кон Врање, оставајќи на положајот еден тежок митралез и голема количина патрони во сандаци и сандри. Командиро на втората чета Крсте Соколовски—Питерката нарeдува нашето дејство на десното крило да го насочиме што е можно лево страна ложионицата, но слушаме и гледаме дека автоматски истрели доаѓаат от кај на гр8, поточно Тие како и пушкомитралезец решително се приближи кон вагоните на една композиција, така да ни наможавме да се ориентираме и определиме кои во кого пука, а за да се утврди веродостојноста дали се работи за некоја заблуда за наше борци или непријателски војници. Кога Тие дојде во непосредна близина до вагоните ни вели Киро овие таса нашт нито германски војници, така го повиковме и дознавме да малку поразмисливме што да правиме и во тој момент отворивме ~~жесток~~ оган по неколку вагони, а по тоа утврдивме и фрливме ~~[illegible]~~ неколку рачни бомби, а останалите вагони се тргнаа еден за друг, еден вагон беше растурчан, а во него немаше неколку германци мртви. 1-та чета продолжува да напредува од десно крило кон дел на железничката ложионица.

ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ — Република Македонија — одбор

На железничката станица Ристовац се наоѓаа собрани состо неколку вагони товарни и патнички. Товарните вагони биле натоварени со разна воено-техничка и интендантска опрема и храна. Некои борци од батаљонот ги претресуваа вагоните, а бомбашите и минерите дејствуваат по објектите и вагоните каде се онеспособени неколку локомотиви, а поголем број вагони демолирани. Вагоните кои се наоѓаа на колосеците биле обезбедувани со спроводници-војници и со претпоставата при самиот напад и налетот на јуриш на нашата чета од нашиот батаљон прва и втора овие германски војници биле засолнати во самите вагони затајувајќи се без да го употребат оружјето се додека наиминавме колосеците, а по тоа да настапат во заблуда ненадејно и од разни страни дејствуваа, но набрзо се откриени и уништени и така додека со овие германски војници се расправавме за нивната ликвидација времето минуваше. Командантот Овчаров иако наредуваше за ликвидација на железничката ложионица неуспеавме да ја минираме поради краткиот временски период. По нашите минери уништени биле за рушење на објектите каде биле сместени чиновничкиот административен апарат и зградата во која биле сместени германски и бугарски војници. Целата зграда дигната во воздух и во неа настрадале речиси сите војници.

На непријателот му беа нанесени големи загуби во луѓство: околу 30 германци 20 бугари. Заробени беа 3 митралези, пушкомитралези, муниција, интендантска опрема, разноврсни прехрамбени продукти и др. потребни средства. Уништени беа неколку локомотиви и на крајот една локомотива од кој Бујановац заробена и пуштена према Ристовац-Куманово со цел да ги активира поставените мини на железничката пруга Бујановац-Ристовац. На 28 март уште во самото разденување по извршената задача почна се повлекувањето на единиците. Борците она што можеле да го носат со себе

./.

како што се: прехрамбени артикли, обувки, цигари, прибор за миење и друго. За покрупните воена опрема за опожарени се товарни прила и селски коли за пренос превезување на материјалите во одредени погодни места - магацини на НОО.

Освен нанесената материјална и загубата во луѓе со извршениот усташки напад на железничката станица Ристовац, собраќајот Ниш-Скопје беше прекинат за неколку дена. За се обновата и доведувањ во предбитната состојба за санирањето повеќе денови. Што покажа востановување и доведување во ред на нормална работа помините и други сообраќајни објекти; за нивното доведување, изградување на овие објекти изгубени се доста голем број на часови и денови.

Нападот Рудниците Пробиштип и Здраво.

Нашата III-та македонска бригада по многубројните борби и победите извршени со ликвидацијата и борбата против Дражиновците четници на Сасе и околните битки помали и поголеми, а последниот напад и борбата на железничката станица Ристовац и победата на нашата III-та бригада против германските и бугарските окупаторски сили кои беа добро забарикадирани и укопани бранејќи го железничкиот јазол на станицата, се превземаат марки и се извршуваат задачите донесени и поставени на февруарското советување на 27 и 28 во Прохор Пчински на воено-политичките раководители: команданите, командирите на четите и комесарите.

Согласно со планот што беше направен и планиран за дејствијата што Трета бригада требаше со косовскиот баталјон по маршрутата Заграница - Рид - Црни Камен - Манастирот Прохор Пчински по долината на реката Пчиња на 29 март вечерта пристигна во село Тлинца каде бригадата беше на одмор. Командантот на нашиот баталјон ги повика командирите на четите и ја пренесе наредбата на Штабот на бригадата за краткиот одмор, одредувајќи рејони на разместување на четите со оглед на временскиот период да се користат шупи, плевни и по некоја поголема куќа и други примитивни простории. Заради да се превземат сите марки на предострожност поставувани стражарски осигурителни маркиши ноќни патроли. Превземени се марки за конспиративна опасност за движењето на нашите единици и целата, и намерата да биде откриена. Секако за овие 2-3 дена до конечниот напад на рудниците Здраво и Пробиштип потребно беше единиците да се подготват во погод на облеклото, обувки

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕСЕН

дотарцвања на другата целокупна лична опрема, укажување санитарно помош на борците изнемоштени – смрзнатените и други заразни болести за која цел се врши издвојување – сектирање или подобро речено проверка на издржливоста како на борачкиот така и на раководниот кадар. Што посебно внимание се посвети на моралнополитичкиот и борбениот дух.

Намножата базанализирање на постигнатите успеси и неуспеси во сите борбени дејства преди и по завршувањето, се знаеше што им беше задачата на политичките комесари, раководителите на СКОЈ и на воените раководители т.е. командирите на четите и одделенијата. Оваа подготвеност се поставуваше и проверуваше од штабот на баталјонот и поконкретно можам да речам дека командантот Наум Веслиевски-Оварот борците и старешините го ризномискиот моралниот и борбениот дух. Те немаше редок случај да застане пред баталјонот па да прашаше: какосте другари борци? дали ви нешто недостасува? а знаете дека нипретстојат уште потешки борбени задачи како сега ова за напад на Тројачките Рудници. Немој некој да изостанува од борбата да прави паника меѓу другарите нека кажи уште сега.

Од како III-а бригада имаше добиено краток одмор и потребни да се дознават и утврдат непријателските сили, распоредот на одбраната утврдени точки, инсталациони, административни објекти како и групирањето на германските и бугарските окупаторски војници и нивните старешини. Извидничките групи добила задача да се упатат во разни правци поради прибирање на потребните податоци како што е и сторено, пошто во самото почнување беа превземени сите и првите мерки и извршување на новата задача: Единиците на бригадата ја продолжуваат маршрутата по мошне тешки и макотрпни услови совладувајќи сите снежни врнежи и длабоки-високи наноси потпомогнати со мошне брзи и студени ветрови правејќи заслепливи завеси во лицата и очите на борците. На 30 март во составот на бригадата се приклучија и ново дојдени борци од Куманово и околината на Козјачијата.

Бригадата од с. Станце на Герман Планина, село Арбанашко преку Осоговските планини преку Словиште и Крива Река. Префрлувањето е извршено според определената маршрута и правецот с. Станца, Радибуш, Милутинце, Одрено – Мушково. Врховите Малкиот прилики беа тешки, се совладува снежната маршевска патека со смрзнати нозе, раце и целото тело на некој борци, бидејќи приклатена за крвнота кана на оштетените нозе на повеќени и млади по години по возраст, но по борбеноста

храбри и решителни да го дадат и својот живот за слободата на својот народ и сите народи и народности на Југославија. На Петрето, Никола, Митрето, Симата и Наумчето им се укажуваше успешно помош на борците кои беа определени за тоа цел: Мара, Лана, Нада како и од другите борци другари и другарки, кој со својот достојнствен понос и однес го барале и храбреле на одреден начин пачејќи, со тоа што внимателно и со голема чувствителност применуваејќи методот на затоплување — тријејќи и масирајќи покрај замрзнатите раце, нозе и другите делови на телото. Имаше моменти и случај дека по една другарка и другари кои беа повеќе издржливи и ако за себеси непретставуваше посебна заштита го одвојуваа од своето тело да ги заштитат посмрзнатите другарки или другари. Можам да го кажам и овој конкретен случај на укажаната помош на Стојанче, Анчето, Тиц Стево, а посебен изразителен и охрабрувачки однос имаше гласот на малата младинка Раководителка на баталјонот Франка која ги повикуваше борците држејќи се за рака, оро. Напред како сме ги преброделе сите досегашни тешкотии и сега мораме да ги совладаме. Колоната тешко и споро се движеше, така на пример за 1 час се минуваше пат од 100-300 метра. Поради ваквите тешки околности движењето се вршеше дека по можните утрински часови. Така да на 2 април од село Станче на Гармон точно на спротивната страна на Осоговска планина, во околината на селото Мушково пристигна околу 2 часот попладне. Поради сето тоа во село Мушково ги оставивме тие неколку борци што потешко беа измрзнати што неможеа во состојба да се движат и учествуваат во нападот на Пробиштип и Добрево-Злетовските рудници.

Во селото Мушково посебен задаток добија старешините-командирите на четите од штабот на Првиот баталјон да се приближат четите движејќи се во насока кон местото Градиште тука пристигнуваат во мугрите од кога се тргнува во напад. Косовскиот одред се приближи до с. Добрево и спремен да изврши напад на рудниците Добрево, а Третата бригада да нападне на Пробиштип, рудникот и постројките: Електричните и наталошкоени уреди, одделението за производство и преработка на цинк и олово како и некој други објекти каде што беше сместена Германските и бугарските војници.

Од местото Градиште од како беа прибрани податоци и сигурни податоци за непријателот единицата тргна во напад. Баталјонот „Стив Наумов" садејствувајќи со Третата и косовскиот одред го изненадија непријателот со едновремени и брз налет на 3 април околу 4 часот веќе нападот течеше на Добрево и Пробиштип. Постоеле отпорни оградени непријателски точки добро утврдени и заштитени со бодликава жица, што претставуваше голема пречка за понатамошното напредување на нашиот баталјон. Вешто командантот на баталјонот беше како што е извештен за пречките и опасноста на баталјонот,

/.

СОЈУЗ НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Република Македонија
одбор
РЕСЕН



им нареди на командирите на четите по сопствена иницијатива да организираат и формираат јуришни групи од 3-5 борци кои ќе бидат наоружани со автоматско оружје, рачни бомби и по можност технички алат за уништување на постојните пречки. Пречките отклонети и совладани, четите енергично напредуваат. Прва чета продира кон електричната централа потпомогната од Втора чета со развиена нарамномерна борба се вршат јуриши да на една дана друга страна, да прва права ѕида со некократкотрајни полетни јуриши исто тоа се прави во Втора чета која напаѓа на участокот каде што била сместени бугарските војници и добро бранети. Од десната страна на на Втора чета напаѓаше еден вод Засилена Трета чета со зафат на административната зграда во која воедно служеше за сместување на бугарските војници и административниот апарат, со задача да се извлече или уништи архивата и заробат постојачкиот службенички апарат. Еден вод засилен во резерва спремна за употреба за кога ќе стане потреба по наредба на командантот на баталјонот – Овчаров.

Третиот баталјон на Трета бригада во полна готовност и внимателност чекаше безда бидат забележани од германо-бугарските војници полициските сили да минат крај касарната. Вториот баталјон кој напаѓаше на рудничките објекти гради в гради со Германците да ги потисне и да навлезе во окното на рудниците онеспособувајќи сите внатрешни инсталациони и други постројки во садејство со Првиот и Третиот баталјон. Сите други надземни објекти што постојаа во Пробиштип се оштетени или уништени. Борбата беше мошна жестока и тешка бранејќи се непријателот и борејќи на животот на јуришите и налетите на борците од баталјоните "Стив Наумов", "Христијан Тодоровски-Карпош", "Орце Николов" беа упорни по енергични и полетни кога се создава масовита од сите грла "напред на јуриш другарки другари", се викаше од грлото на Фанка, Мара, Петерка, Туѓе, Стојан, Стево, Борис Кожакоров, Боро, Цано, Пано, Митра. Непријателот мошна жесток отпор од сите врсти оружја и тешкотии му задаваше на Вториот младински баталјон на Трета мак. бригада, така да овој баталјон кој требаше да продолжи со брз напад кон главната цел остана на четината, меѓу рудничките објекти и инсталациони згради. Од како штабот на бригадата беше запознат со ваквата положба на Вториот баталјон ја издаде наредбата: Првиот баталјон со дел на борците од Прва чета своето дејство да го ориентира носечки лево, а дел за сквати бок од десно на непријателот што на Вториот баталјон отпор и пречки му создава за понатамошно напредување и дејствување бидејќи изненадан, со брз нафрикасан јуриш. Третиот баталјон исто така да садејствува на Вториот баталјон со својот нападен правец на касарната во Пробиштип да ги уништи стационираните војници вршејќи рушење на надземните инсталациони постројки.

Со ваква замисла и планот на штабот на бригадата, Вториот баталјон и Германците - гради в гради борбата која трае цел повеќе

/.

Од половина час, во оваа борба непријателот имаше претрпено доста големи загуби, меѓутоа загина повеќе борци на Вториот баталјон.

Се додека траеше борбата извесен број работници кој работеа во рудникот се штојќе во една помала барака, командирот Јордан Стојановски-Питарко нареди да се упадне во бараката внимателно и ненајдено, за која цел бевме одредени: Гуц, Васко, Анча и јас влегувајќи во бараката, утврдиме дека тоа се вистинско работници кои стиса во истата. Анча и Васко останаа пред влезната врата како обезбедување. Одмах јас и Гуц се упативме стрема работниците со зборот станувајте и една да излегувате без шамата и покушај за пратка. Увидавши зошто се работи тие одговорија: секако нема не страдаме да не водите, но ние сме работници и можиме одино да се приклучиме во редовите на НОВ и ПОМ]. и така овој број од 30-40 работника се придружија кон нашите единици.

Штабот на баталјонот на чело со командантот Наум Весиловски-Овчарот имајќи во себе борбено искуство вршејќи прегрупирање на борачкиот и старешинскиот кадар како во баталјоните и [illegible] и во поранешните борбени задачи и дејствија настојувајќи наполно да се реализира и зврши поставената задача со конкретни и прецизни задолжения на членовите на штабот на баталјонот со координирана активност на командите на четите, каде што беше потребно и најтешко, прв го поведуваше борачкиот и раководниот кадар на јуриш против надмоќниот и многуброен противник задавајќи му удари и нанесувајќи му големи загуби со минимален број на нашите загуби. Исто така, во нападот на Пробиштип непријателските германски и бугарските војници претрпеа осетни губитоци оставајќи 110 германски војници и офицери и околу 70 бугарски војници, офицери и полицајци. Заробени беа околу 40-50 бугарски војници и старешини. Доста воен плен во наши раце паднаа: 2 пушко митралези, голем број рачни бомби, 2 митралеза, околу 40-50 пушки, 6-7 сандаци со разновидна муниција, 2-3 апарата, архивска документација и други воен разновиден материјал складиран во складиштата за снабдување посебно исто на германските војници, а посебно и за бугарските војници.

Третата бригада со еден збор може да се рече направи страотен пустош на рудникот во Пробиштип–Злетово–Добрево. Рудниците беа онеспособени за производство на подолг временски период, организирани и упостовување на подземните и под земните инсталациони електрични, телефонски и други постројки.

Загубите на наша страна беа 9 борци. Вториот баталјон: Командантот Донче Филиповски, Командирот на првата чета Ацо

РЕСЕН

викано Скопјанчето, Мила Лукиќ, Нада Михајловска, Насковски Зорко, Блаже Марковски, Хамди Ајдиновски, Благоја Димитровски и Благоја Стојановски. Првиот баталјон имаше четворица ранети: Младинскиот раководител Фана Кочовска, Комесарот на Трета чета Ефтим Ристовски, Десетарот-пушкомитралезец Ставо-Ресенчанецот и Панде од Брусник-тешко ранет во стомакот, а по извесен временски период по неколку дена почина од раната.

Косовскиот одред имаше четворица загинати борци од кои тројца беа од Косово - с. Чучи Дол.- Сречко, Мирко и Шујица. По нападот на рудникот Злетово на Косовскиот одред околу 120 рудари стапија доброволно.

Пошто планираниот напад на Пробиштип и Злетово успешно заврши, а непријателот укажувајќи му помош на поразените единици, концентрирајќи ги од разни правци и многу бројни се упатуваат кон Пробиштип-Злетово. Нашите единици од составот на Третата бригада и Косовскиот одред околу 6,30 часот почнаа благовремено да се повлекуваат кон Црни Врв, но борбата не се прекинуваше. Бугарските окупатори ги префрлуваа своите гарнизонски делови со камиони од Штип. Нашите заштитни единици успешно му се спротиставија на бугарската војска и така овозможувајќи главнината да се искачи по височините на Црни Врх, така Косовскиот одред, Вториот и Третиот баталјон од Трета бригада околу 12 часот се прибраа југоисточно од падините на Црни Врв, оставајќи го во заштитница Првиот баталјон. Бугарската војска која тргна од штипскиот и кратовскиот гарнизон гледајќи дека сите настојувања да води бесмислена понатамошна борба се откажа и до вечерта се повлече во почетните гарнизони и бази.

Во попладневните часови бригадата се претвори во Маршевска колона и мина за слободната територија во правецот: село Сакулица, село Тополовиќ, Катланово, Ватушница, село Дренак. Но кога колоната на левиот брег на Крива Река, [illegible] ~~колоната~~ на бригадата забележа дека реката беше доста надојдена и невозможно да се изврши премин со газење. Немајќи друг излез Штабот на бригадата дојде до идеа да се организира со помош на селаните [illegible] [illegible] подвижниот мост во непосредна близина кај црквата во село Катланово и преку него колоната по баталјони и чети ја мина Реката обезбедувајќи и поставувајќи осигурување пред главнината, така прво ја мина Косовскиот одред, Првиот баталјон на Трета бригада, Вториот и на зачело како заштитница Третиот баталјон

на главнината. По враминот продолжи движењето на нашата единици така да во утринските часови колоната са испачувала на козјачкиот масив во правецот на селото Дренак, во непосредна близина на бугарската посада оддалечено 7–9 километри.

Бугарскиот окупатор разјарен и тешко му паѓаше за што ги пелчавме нанесувајќи му удари во мошне познатите борби од страшни и значајен карактер на Кистовец, Пробиштип и Дворово, настојки да не остават за спокојство и мир, на 4 април во попладневните часови бугарските единици упатени од кај на строгин покушават да извршат насилно извидување. Нашите единици со главнината сили на здравчи камен, југо западно од село Дренак во затрпа непријателот и неговиот продор беше оневозможен по едночасовната борба. Командантот на Први баталјон правеше да марки и нарадувајќи на командирите да се настојува по секој начин од заседи поставени на погодни места изненадувајќи бугарските војници да се присилат на предавање или уништување. Треба да се признае поради долгите маршеви и напрегнати ноќи борците беа премногу изморени по пристигнувањето во Жегување кога на 4/5 април ноќта требаше да послужи за добар одмор по повеќе напорните маршеви и повеќе дневни часовна борби.

Окупаторот беше изненаден од брзината на маневрите и раскинато во растојнот и префрлувањето на нашата единици од еден реон на друг, од едно место во друго, од издржливоста, и ударната сила и моќ. За која цел бугарскиот окупатор беше збунет и исплашен. Бригадата во селата Матланица, Шопранци и Вагаланица, се одмораше како биса подготвила за нови офанзивни дејствија.

На 10 април 1944 година борбата кај селото Руси-Вранско со бугарскиот окупатор.

Од како Оперативниот штаб пратејќи ја ситуацијата и утврдувајќи покретот и движењето на бугарски војници во јачина и знесуваше околу 700 луѓе и помошната со една батерија – брски топови од мал калибар и тешки митралези, упатувајќи се кон селото Руси со намера да го опљачка и изврши репресија – насилства и палење. По процената на ситуацијата. Следеше наредбата на командантот Тихомир Милошески да се праќа одмах на Косовскиот одред и на командантите на баталјоните на Третата бригада – Првиот баталјон да изврши напад со јуриш на непријателот

./.

РЕСЕН

и дато исфрли од сегашто по секоја улица, така мораше контра-
тно прецизно и кратко Командантот на баталјонот нареди бата-
љонот кренав во правецот на село Лусца, поставувајќи задаток
на командирите уште во текот на движењето: Прва чета десно
на одредено растојание, Втора чета лево, а Трета чета лево од
Втора чета, сите се развиваа во стрелачки строј и целиот бат-
таљон на мојот знак на јуриш и со краток рафал од мојот автомат,
баталјонот ~~сите чети~~ во еден налет се врши јуриш со цел исфрлу-
вање на непријателски бугарски војници од Лусца.

Изненадно четите на Првиот баталјон тргнаа во нала-
тниот јуриш од сите грла викаа и тука на јуриш напред Ов-
чаровци и сите борци јуришаат без застој, и еден со други пито-
маци рат во нападниот правец и јуриш. Сатука од сите располо-
живи оружја, фрлаат рачните бомби. Пушкомитралези и викотници-
на нашите борци на јуриш се вљаа како громогласни гром о надвина-
ти и сотолни ѓон бранци. Непријателот во панично бекство отста-
пувајќи кон гробиштата и црквата. Но нападниот јуриш непрекино-
нува, сета на машаница помагу партизаните на Првиот баталјон и
непријателот отстапувајќи кон селските гробишта во с. Лусца,
мислејќи дека ке најдат засолниште и да можат да се спротивста-
ват на нашите борци „Стив Наумовци“ но гадно се преварија. Коман-
дантот Овчаро' ја навидува и проценува сета ситуација, презема енерги-
чни мерки, наредувајќи на Прва чета со брзо дејство со захват од десно
то крило да дејствува во бокот или во грбот на непријателот дако стра-
натовео отстапувањето во одредениот правец. Втора чета го наступува
своето дејство во центарот и со брз јуриш наступува матрва а Тре-
та чета со дејствувајќи со истите, да не дозволи на непријателот
да биде задржан и организиран задавање отпор кај гробиштата во
с. Лусца. Трета чета со сите можни средства отпочна содејствува со Втора
чета и со брз продор применувајќи налетан јуриш и насочувајќи го своето
лево крило со обухват на непријателските војници од бочната страна а наво-
зможување задржување и утврдување. Ни ако бугарските фашистички војници
настојувајќи по секој начин во селските гробишта да се задржат кои би им
послужила за добар заклон и отпор, нивната надеж остана без успех,
зашто што нашите борци постојано ги притискаа од сите страни држејќи
цимкопалисјни
ток борците се нафрлуваа како ~~лавици~~ и лавови борба вредни во градин, во-
дејќи сметка дека за секој гроб се наоѓа бугарски војник. Борба се
водеше зад секој камен гроб. Борците гледајќи грозната слика во селото
што ја направија бугарите куќите што гореа и испржените жени, де-
ца и старци во жив. Борците „Стив Наумовци“ ги правеа разјарени,
раздразнети Рисови и како волци гидаваа

имаше случај да некој од бугарските војници да се обидат итие да бидат нафрлувани на нашите борци и секојки да ја пробат срекјата да се фатат гуша за гуша, но нивната вешта воска на изучена зашто брзо беа совладани, ако не со нож, со кундакот по главата го добиваат своето. И ако наступивме да ги престигнеме бугарските окупатори, тие беа побрзи од нас за да можат да си ги извлечат безуманишта глави.

Бугарите како да ја предвидувале пратчуството и големата главност на борците со она вандалистички изгосторнички начин во селото Руси.

Од една страна "Стив Наумовци" од друга страна "Карпошовци", косоварите вложија напори да ги притиснат и да ги имобат кој како ке стигнат и умеат. Борците на Трета бригада не беа заплашени ни од бугарската авијација која им помагаше на напријателот, тие беше принудена од нашите оружја да надлетува на височина од 1000 метри.

Одборците на нашиот баталјон Гуриша-Трчојки ~~Македонија~~ за сврача да ~~во оваа~~ и да да оцени храбрости на борците, дали не заслужува ~~некој~~ логоспема похвала и храбрости, сите била како еден за сите или сите за еден.

Се напаѓа се трча по бугарите викајќи по нив како на рува, кој од нас што побрзо да ги престигне и да биде смачкан бугарин како мравка. Командантот Наум Веселиновски-Овчаро ја растрогоше со една група 3-4 бугарски војници кој биле засолнати од страв во една шума во с. Руси. Велејќи им вие се криевте од нас како глувци, а ова што го направивте во селото Руси мислите да ви го простиме и да ве ослободиме, а на мајчин синови сега ке ви покажам, го рапатира шмо зарот поколувајќи ка и овичај сам да ги открива бугарските војници и да му осудува по кратка постапка.

Во оваа пеколна борба што траеше повеќе часови бугарските вандалисти и фашисти што вршеа пустош по населените места каде ке стигнеа, добро ке и долго ке ја паметат и оваа борба каде што беа тепани големиот Мргави. Заплено големо количество на пушки, 4 тешки митралези 6-8 пушкомитралези 2 радиостаници, 2 топа и безброј разновидна муниција во купишта и во сандуци по стотина и уште повеќе, маткови и разни бомби.

РЕСЕН

Настапајќи го другиот војнион план и командантско стража за која цел беше одредена посебна наша единица да го собира пленот. Нашите единици гонејќи го непријателот извршија до пред селото Буштрања. Главните сили бугарите повлекувајќи се во безредие останаа кон Кистовац и Враня.

Бугарските окупатори кога ги запаметаа борците од Трета бригада, Овчарковци, Карпошовци и Косовските борци. Борбата кај селото Руср уште еднаш ги натера бугарските команданти на размислување, дека нашите единици можат да приредат разни сеизи на маневар клопувајќи и фронтална борба само кога ќе стане потреба да можат да разбиваат и поголеми регуларни единици на бугарската војска и германскиот окупатор. Селаните во село Руср пратејќи и следејќи ги налетите и јуришите на борците со одушевување му се восхитуваа бодрејќи така му пребаше на Ганчо Поповода намислат на злосторства и вандализмот што направија во невиното село. Нема повеќе да настапат со својте досегашни репресалии и да знаат дека ова е нова Титова НОВ. Нема сомневање дека и овој пат ги убеди бугарските ~~бугарски~~ војници да партизаните наши „Шумкари" туку народна војска.

По оваа борба бригадата по долгите маршеви и напорни-жестоки борби не презема никакви борбени акции така. Штабот на бригадата планира да се одмори околу 13 дена, но тој период да се приготват за нови задачи и акции.

Во селото Арбанашко каде се одмараше бригадата, беше направен план за увежбување на борците за претстојните задачи. Косовскиот одред беше размезместен во село Равно-Кумановско. А бригадата се размести во селото Арбанашко, се вршат подготовки и борците се увежбуваат во разни дисциплини-практични тактички вежби, со напад и отпад, на разни борби-завземање и заствување-ракување со оружјето, употреба на рачните бомби во тврдозградни разноврсни бункери и зараде каде што непријателот може да задава големи загуби на противникот. Така да увежбувањето се одвиваше стриктно по дадените планови-сврзани со одделни етапни временски периоди. Со оглед на задатокот кој претстоеше за извршување, а тоа е прво ослободување на градот Кратово, и за таа цел Командантот на Првиот баталјон на Третата Македонска бригада Наум Веслиевски-Овчарот, посебно внимание обрна на жешките мутовите

./.

ваш нова планирана вежбовна обука. Укажувајќи на сторени-
те грешки на командирите на четите и посебно на борачкиот со-
став со побслен приод, али сепак со правичен став и личен пример
да му помогне, укаже на грешките. кој најмногу требале да се коре-
руваат. Прашувајќи ги и следејќи уважувањата мене ми станало
чудно од како ми се придружи од кон задниата на мојот грб ко-
га јас како пушкомитралезџија со мојата помошници Гуце Анче
и ние завземано еден необичен положај со одредено отстојание,
а за кое нашто мислевме да има многу избрано добар положај, засолнети
и добар видик пред нас десно и лево и така ќе можеме ефикасно
да дејствуваме и на непријателот би му нанеле големи загуби.
Нашиот командант не мислеше така, тој рече: по-
магупа добро е да се поместите за неколку чекори напред па десно и
лево ево да ви покажам лично. И на вистина уверувајќи се
ние во неговото практично и значајно за нас го завзедоме тоа
место, но со еден мал приговор и забелешка, малку за смешка, му
одговоривме да ние сме храбри борци Овчаровци. Ај мајката ра-
за командантот сакате без потреба да си ги изгубите главите
поради кајрот на бугарчињата мајката нивна. Вие како ќе
се борите кога сега ќе притрамаме за напад на Кратово немој
никој во борбите да не излегува – нека се држи.

## Нападот на Кратово

Бугарската окупаторска војска како десна рака на Хитлера и како помагач осетно губејќи сите надежи за спротиставување на Народноослободителната војска на Југославија, а посебно во Македонија каде дејствуваат во разни краишта Северо-исток, југо-исток-исток-запад и север-југ. Се разгорува цела Македонија и цела Југославија. Се организираат и формираат партизански војски и армии низ цела Југославија од Гевгелија до Триглава. Така да бугарските окупаторски гарнизони од поголем број на градови стра да дали ставаат во движење за отпочнување на пролетната офанзива 1944 год. и ако можно да ги уништат силите чии дејствија на Македонските единици се насочуваат кон главните кумановски сообраќајни разгле- порад стратешките објекти превзема мерки за напад

во прв ред на помали, а потоа напади и ослободување на поголеми градови. Задачите поставени на АВНОЈ-ска Југославија одржано на 29 Ноември 1943 год. во ЈАЈЦЕ, Праштанското Советување 1943 год. и Советувањето во Прохор Пчински одржано на 27 и 28 февруари 1944 год.

Третата македонска бригада во заедница со косовските и јужноморавските единици му задава ударите на непријателот - бугарски војници а го ликвидираат Качанички „Вардарски Корпус“ кој во прво време царувале на Козјачијата - Таран Тонина, а потоа патувале. Долго ќе остане во сеќавањето: борбата кај селото Слуца кога се ликвидирани четничките банди на Дража Михајловиќ.

Поради ваквата борбеност на борците и старешините и морално-политичката подготвеност и оспособеност стекнати во тридвегодишните борбени дејствија и искуства, стратени и оспособени да гонат македонската војска на Третата бригада за ослободување на Кратово.

Третата бригада и косовскиот одред од Арбанашко и селото Давидовац, денот на 23 април колоната се движеше кон Пакленица пристигнува на 24 април 1944 год. од каде се добиваат подробни податоци за непријателските сили околу Кратово и во самиот град на Кратово.

Командантите и командирите имаа добиено скици на својот напаѓан правец, распоредот, силите и вооружувањето на непријателските бугарски војници и полицијата и нивната административна управа, прилазите и нивните пратстражни посредни и непосредни обезбедувања.

Трета бригада напаѓа на градот Кратово: Првиот баталјон да ја разоружа градската стража да го уништи административниот апарат и полициската станица. Вториот по пристигнувањето да дејствува Шлегово, - Гола чука, по ослободувањето и по извидувањето на Буковац да ги завземи погодните положаи, бидејќи го затвори правецот - Кратово и Злетово од направените доаѓања на засилени и поголеми број на непријателски сили од Штип и Кочани.

Третиот баталјон да се приближи и да го блокира училиштето да ги уништи бугарските окупаторски војници - сместени во училиштето, јачина една чета.

Косовскиот одред: содејствува на Третата бригада во нападот на Кратово, со тоа што организира одбрана, со цел затворање правецот (патот) Страцин - Кра-

./.

тово да не дозволи продор на непријателот да ги концентрира своите сили кон Кратово. Вториот баталјон да го нападне полицискиот одред сместен во касарната надвор од касарната како предстража. Да ја минира зградата и да ги уништи полицајците.

Нападот на Кратово почнува со утринските часови од подавнешните позиции околу 4 часот на 25 април 1944 година се тргнува во напад. Командантот на I баталјон во тие утрински часови и тој уживал во ведровитото надвиснато чисто и сино небо, и со пролетниците так развиени и закитени разновидните дрвја и изобилните пејсажи што допираат на Кратовските околни убави височини како да му помагаат во нарадата и извршувањето на задачата. Првата чета под полна внимателност и отрразност навлегувајќи во градот без поголеми тешкотии и проблеми ги разоружува предстражите и патролите кој била поставени и крстосани низ градот. Втората чета на чело со Крсто Соколовски-Питарката веднаш се упати кон административната зграда да ја блокира по можност извлекување или уништување како на чиновничкоапара исто така и на поставките административно финансиски документи. Третата чета се упатува на полицискиот участок го блокира настојувајќи да ги присили полицајците на предавање или ликвидирање.

Нападот на Кратово точно се одвиваше по планот и поскиците со кој располагаа сите командири и политичките комесари. Содејството и врските за известување и насочување на дејствијата беше курирска.

Се предвида и утврдениот број на непријателските окупаторски бугарски војници распоредени во Кратово: градска стража 100-110 лица, составени од доселеници-бугарски чиновници, со многу мал број маштони. Една [illegible] дружина стационирана и извежбана, лесно опремена за борба на планинските предели јачина од 120-140 војници и старешини сместена е во училиштето изградено е од тврд материјал. И една чета полиција, обучени специјално за борба против Партизаните, плачкаши и крвопијци јачина 110-120, сместени во бившата касарна на Кратово што се наоѓа на периферијата на градот. Или вкупниот број на непријателот што го брани Кратово ќе изнесуваше околу 300-340 непријателски војници и полицајци.

Додека Првата чета се расправаше со градската стража и нивното ликвидирање кога првите истрели навлегуваа подиначни и на толку чујни пукотници ги разбудуваа Кратовчани во тие утрински часови, Втора и Третата чета успеа да ги блокираат објектите-участокот и зградата на административно-чиновнички апарат.

./.

РЕСЕН

командантот на Првиот баталјон – Овчаров инсистираше на командирите на четите, а и преку својот штаб пренесувајќи наредбите да преземаат енергични и адекватни мерки за совладување и ликвидирање на непријателот во објектите што е можно побрзо. Прва чета со некој останати делови на градската стража кој од страв се прибрано и безглаво се засолнуваат и даваат нештолку значаен отпор, некој од нив покушуваат да избегаат незабележително, но најдуваќи од другата попречна улица беа дочекани од борците на Втора или Трета чета, па биле заробени или ликвидирани. Може да се рече уличната борба до самото раздмнување беше потполно истисната. Иако граѓаните во Кратово тие саборински часови беа расонети и разбудани а доста вознемирени останаа во градот и во своите домови чекајќи го исходот и излезот од оваа ситуација што се збива во нивниот град.

Командантот Наум Веслиевски – Овчаров кој се настани меѓу четите на одредено командно место, беше известен дека Втора и Трета чета пристигнале до објектите на полициските участок и чиновничката – административната зграда. Во участокот кој блокиран има околу 60–80 полицајци и во другата помала зграда во која се сместени бугарските чиновници на власта има околу 20–50 луѓе. Ние се обидуваме со повик на предавање. Но тие не даваат никаков одговор само што пораќко пукаат низ пенџерина и други отвори. Ние будно и обазриво ги пратиме, а испукавме по некој рафал од автоматско оружје и фрламе по некоја рачна бомба. Нивните стражари што ги обезбедувале зградите се ликвидирани, а некој успеале да се повлечат во зградите. Објектите во кој се сместени чиновничката стара бугарска полиција зградите се и зградени од тврд материјал.

Времето си минуваше 6, 7, 8, часот. Сончан убав ден. Едно по извесно време се појавија два бугарска авиона на височина од 1000–2000 м. направија еден голем круг враќајќи се назад кон Куманово.

Во ваквата положба и Третиот баталјон на Трета бригада го држеа блокирано училиштето во Кратово каде што била сместена ловачка чета во јачина околу 120 војници и старешини, повикувајќи бугарите да се предадат.

Нашите борци беа нестрпливи во затоесноста на бугарите да се предаваат што можно побрзо. Командантот Овчаров нареди на командирот на Прва чета со по еден вод на четите Втора и Трета им помогна во ликвидацијата на непријателските бугарски војници и чиновниците. Бугарите беа притиснати од сите страни ги слушаа повиците на партизаните до колку не и дат предадени ќе бидат запалени и срушени зградите

./.

итиа ќе останат поклопани како мртви глувци.
Се правеа обиди за преговори со бугарските војници и офицери, па Штабот на бригадата бараше не кој ќе појави нивниот претставник за преговори и под какви услови ќе бидат поставени нивните барања за предавање на ловечката бугарска чета. Додека овие преговори се вршеа и згледаа намерата на блокираните војници и офицери би била што подолго копање и одлагање на преговорите како би се добило подолг временски период да им пристигне помош од другите гарнизони, меѓутоа времето минуваше, а помошта не им пристигнуваше. Борците на бригадата притискаат и ги повикуваат со повишен остар и гласен тон без стрпение што мислат и чекаат а сега последна опомена. Затрепа митралезите и сето автоматско оружје, фрлаат разновидни рачни бомби се фрлат низ пенџерина и други погодни отвори на зградата. Во непосредна близина се наоѓаше бројната ентузијаска маса набљудувајќи ја ситуацијата и борбата што ја водат Македонските партизани инспирирани од нивната борбеност и ентузијазам. Бугарите и ако биле свеста-ни дека полициската станица (участокот) и зградата со нивниот административен апарат се ликвидирани и не би требало да имаат блокираните војници и офицери никаква надеж да бидат спасени. Поред притисокот што го вршат борците на Третиот баталјон, пристигнаа во помош и содејство и борците на втора чета од Првиот баталјон на Третата бригада. Народот и младината се уверија сериозноста и способноста на борците пред нивните очи се внаса идеална ~~слатка~~ впечатлива слика да ќе тука во овие партизани не само да се наоѓаат повозрасни и постари борци, туку се наоѓаат млади и здрави девојки и момчиња таа с права Македонска војска добро облечена и наоружана претежно со автоматско оружје.
Народот од градот се здружи со партизаните, на центар се собраа кратовчани да го прослават денот на ослободувањето со една краткотрајна пригода и пригодни говори на истакнати ползомни. Комесарот на Трета бригада Злате Билјановски – Михајло, младинскиот раководител на Првиот баталјон како најмлада партизанка, така да младите и повозрасните на Кратово биле многу заинтересирани, па чекаат да чујат на прашањата што ќе им поставуваат?! Така да граѓаните и младинците препознаваа некој другари од Кумановските партизани и на плоштадот каде одржан митингот што учесниците се создаваат нови познанства и пријателства.
Повеќе чекање немаше за бугарската Ловечка чета треба да се откажува бидејќи друг начин немаше, така зградата се почна да се пали фрлани запаливи капки бензин од кој се создало страшна и јака експлозија, голема и густо млеко од чад. Учесниците се затресе и

експлозијата се пренесе не само на самата училишна зграда ~~гаментата~~ исто така потресот допре во градот и околината, а чадот како сузовичка магла допирајќи до одредената височина и ширина да ги усмрти животите на бугарските војници и старешини, увидувајќи во што е работата и опасноста, почнаа панично ви котиници и зоркотници — матусовни растрави барајќи и молејќи за спас и нивното предавање. Излегувањето и предавањето почна од училиштето со дит. натирања — оставајќи оружјето на одредено место. Два по два сите војници и старешини на оваа моќна и зајакната и оспособена ловачка рота како што ја нарекувала Бугарите се предаде без пресе-данти. Откако беше извршен претрес во училиштето од страна на неколку одредени групи од Првиот и Третиот баталјон утврдено и констатирано е: Пронајдени се неколку ранети и мртви бугарски војници, заробена е голема количина на сандаци со рачни бомби, пушки, муниција, 2 тешки митралези и друг воен план како и големи количини намирници, како што се: лаб, масни конзерви и други прехранбени артикли. Сигурно ова одредена количина беше нама-бок за дому служи на ловечката чета како дополнителен резерван дорок во даден момент и под тешки околности да се троши и кога ќе би-дат вклучени во борба со партизаните.

Командантот на Првиот баталјон Наум Веслиевски-Овчарот со една поголема група борци го премина потокот во Кратово од другата страна и им нареди на борците од групата да влезат во воените интендантски складишта да изнесат сè што има внатре да му се предаде на интендантот Здраво заде може да изврши правилна распределба на бор-цитe за борба. Откако се испразнија складиштата со прислушна кон населението. Овчарот прв зема една бакла и му нареди на другите борци велејќи им што се мислат и мислите да не го жалите Панчо, тој палете: Наума и Стојо му одговорија како нека жалиме една бакла бека ни се Бугарите. Поради маченичката се наоѓаше паркирани разделено на народот, а камионите запаленке. Овчаро нарадува на борците а секам некој од нив и нивните старешини да ги видам да се почитува и на крајот да ги запалам да изгорат за сè што направиле како огробувачи и многу лоши злосторници. Некој дуќани на богатите и приватни трговци се развиени и отворени и нивните прехранбени артикли по наредба на Овчарот се распределени на народот, прво на посиромашните и на другите во градот.

Глетката во градот моќна беше импозантна за тоа што

град самиот влез на училиштето са наоѓаше Англиската сојузна воена мисија и дел од штабот на Третата Македонска бригада и други раководители од баталјонските штабови и командите на четите на Трети баталјон и раководството на Втора чета.

Воената мисија климнувајќи со главите и насмешкувајќи им са на бугарските војници и старешини кој со дигнати раце излегуваа са предаваа на партизаните како заробени, војната сојузна делегација како да ги отпоздравуваше и со тоа сакаше дам каже на бугарските војници така ви треба да ве фаќаат како глувци.

Времето минуваше и точно може да са рече да била гладне-вни часови, са привршуваат разговорите и веселбите во центарот на градот и на други места организирани во градот, но нешто од другата страна градо потокаше, само неколку луѓе са собрале околу командантот Наум Веселиновски-Овчаро на кого му поставуваат прашања од делокругот на растежот на Македонската НОВ, за дејствувањето на други македонски единици, кој водат жестоки и успешно победнички борби над германскиот и бугарскиот окупатор. Во каков контакт на прашања? Овчаро одговори! Позитивно, дека во Македонија постојат и формирани са три МНОБ. и сеопшто самостојни одреди и други војно-политички организации и народноослободителни одбори, кои дејствуваат како војно политичка власт во разни краишта на Македонија, што значи да са руши окупаторската власт за создавање и поставување нова власт македонска. Вие треба да знаете дека уште пред една година по контратно са ослободени Кичево и Дебар и создадена е слободна територија. Понатамо Овчаро продолжувајќи го дијалогот со Кратовчани раскажувајќи за создадената нова заедничка територија од Крива Паланка на југ на Север до Црна Трава-Власотинце-Лесковац и на исток до Црна река-Кустендилско и Босилеградско. Борејќи са на овој простор македонски партизански, јужно-моравски и косоварски единици кој во заедничката борба секојдневно му задаваат на германците и бугарскиот окупатор големи и незапаметени штетни загуби. Ево како што гледате и овој ~~ден~~ 25 април сончев убав ден, можеби добро ќе го запаметите и ќе са уверите во нашите млади девојки и младинци момчиња во македонските партизанки и партизани да го ослободиме вашиот град Кратово.

Повеќе нема да са плашите од Нерања Мајковиците и злосторниците затоа е потребно и важно против ставувањето и фаќањето давајќи полн допринос за конечното истерување на окупаторот и ослободување на Македонија и Југославија. Во понатамошниот разговор некој од присатните праша? Све добро не раскажавте? но речете ни нешто за иднината на Македонија и за македонскиот народ како ќе опстојува и како ќе живее?

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ Македонија, Општински одбор Ресен



македонскиот народ се бори за национална слобода и социјална правда во заедница со сите други југословенски народи и народности, врз принципите и одлуките до назначени и создадени на АВНОЈСКА Југославија на II-то заседание на 29 ноември 1943 год. во Јајце. Покрај останатите федерални единици ќе да признава и правото на македонскиот народ и државност, па кроз неколку месеци очекуваме сето само настроени да се удрат темелите на македонската држава. Како гарант за ово е комунистичката партија на Југославија на чело со другарот Тито, затоа што македонскиот народ ќе биде рамноправен со сите народи и народности на Југославија, борејќи се против заедничкиот непријател во борбите рамо до рамо се уврсти во првите редови на револуцијата уште од 1941 год. го зацврстуваше и проширувaше братството и единството на народите и народностите на Југославија.

Со него во овој збор и за други актуелни прашања, сторијата се интересираше и за Илинденската епопеја и создавањето на Крушевската република на чело со Никола Карев, за обединувањето на Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија. Наум Василевски-Овчарот одговори: што се однесува до обединувањето кон оваа Вардарска Македонија од Егејскиот и Пиринскиот дел тоа зависи од властите на Грција и Бугарија и од волјата на тие македонски малцинства кој живеат таму.

Но сега на крајот можеби со мојот одговор, можда некои остана незадоволни? На другар Овчар како што слушаме да ви кажам тоа: тоа право има никој никој, ниеднок? се зборуваше меѓу бугарските војници и полицијата дека во партизанските единици (кои ... како ќе наредувале бугарските офицери) партизаните и дека тој што ќе тој командир бил многу строг и лош командант на против непријателот. Други другари за тој човек - Овчар командкој нас зборуваа заробените војници дека што така го претпоставале како голем и крупен човек, висок со нарочити свои особености, остар и строг поглед, со широко лице, долга коса и густа брада, и дека кај нас бугарските војници бевме заплашени и запањени од името на тој командант-Овчар и од неговите борци Овчаровци стравот просто ни бил внесен во коски, затоа што слушавме во сетата борба со ова партизанска единица се викаше напред Овчаровци така да сите се нафрлуваа и на тоа дека можеше и ќе убиваат, а ние бугарски војници бегавме колку што ќе можевме. По некогаш и напарно избегнувале судир со борците на борците на Овчаровци.

Ово нешто можеше ста случила за борбата со четниците на пераното Славко, Бутрани каде беше ликвидиран четничкиот "Вардар-

./.

ски Корпус" кога во овие значајни борби учествуваат Кумановската, Косовските и јужноморавските српски партизани. Покрај старците имаше младинци следејќи го и пратејќи го разговорот што се водеше помеѓу тие старци и револуционери кои учествувале и се бореле во Балканската и Првата светска војна. Така сепак старците не можеа да ја откријат личноста со која вршат разговор и се љубопитни во сè што се збиваше во пратиприскиот и ратниците за дознавањето на името на Овчарот дали навистина е овој човек или некој друг. Не се дозна се додека не се појави курирот од штабот на вооружените единици и кога пред командантот се завзеде став мирно и со дигнатата тупаница на десната рака подигната до слепоочницата поздравувајќи со повикот "Смрт на фашизмот! другар командант Овчар." Отпоздравувајќи Овчарот со зборот "Слобода на народот!" Во тој момент присатните се погледнаа еден на друг в очи во очи, оставајќи впечаток на изненадна опасија. Времето си минуваше, единиците се пробиваа на одредените места и се пригремајќи со извршената задача напуштајќи го градот. Тогаш командантот Овчаро се збогува со старците и присатните младинци и претставувајќи се "Јас сум Овчарот" погледнатаме уште еднаш подобро и запомнете како изгледам. Долго го отпоздравуваа махајќи се додека можеше да се види кога тој се оддалечи и се стави на чело на својот баталјон.

## Борбите на Црноок

## Кога Третата М.У.Бр. водеше борба против 16000 бу.

По секоја цена командантите и старешините на бугарската армија настојувајќи на секој начин планирајќи и кројќи секакви планови за уништување и ликвидирање на партизанските единици. Како што во сите досегашни така и во оваа борба на Црноок ке се намати доста долго и трајно. Третата Македонска бригада после неколку низ жестоки борби со надмоќниот непријател и подобро вооружен и современо технички опремен, бригадата на 6 мај 1944 год. пристигна во село Црношница, под самиот врв Црноок (планина) со цел да биде разместена за одмор и одмурување. Оперативниот штаб на нашите единици го имаше во предвид менувањето на напатот даља од Скопје Враење–Босилград за тоа сметаше потребно да се задржат единиците во Црношница, но со сите превземени мерки на осигурување и предострожност, поставувајќи на најважните можни и клучни правци на авангарден напад на непријателските бугарски сили на главните единици на бри-

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА... Социјалистичка Р... Општински одбор ... РЕСЕН



гадата и косовскиот одред. Штабовите и командите на четите мошне добро и прецизно сваќаки ја сериозноста на поставената и извршувањето на задачата, тие со својата умешност и способност вршеа и одредуваjќи погодни и поволни точки како осигурителни и утврдени отпорни точки во вид на кружна одбрана.

На највисокиот и доминантниот врв к. 1871 каде се наоѓа надвиснатиот Црноочки рид со постепено надолно и рабаниото стрмно и стрмно качување кон врвот на Црноочка Планина, но во маѓусебните доминантни, висорамни и тактичко погодни точки што на непријателот кој стекнал уверување да со своите расположиви технички и материјални и тактичко погодни начин на дејствување со голем захват на блокада на нашите сили од сите можни страни, за целосно уништување на партизаните.

Селото Црноштица иако се наоѓаше под самиот доминантан врв на Црноок и само како тишината во селото беше активната, замрена и нечујна, потребно беше со наметнатата и изменатата ситуација во која бригадата и борците полека требаше да се пригремат за нов подухват до утринските часови. Борците истоштени и уморни од неколкудневните маршови и борби ги навакса сонот. Лаењето на селските кучиња како да го најавуваше сериозниот момент за освано зафаќање на интендатурата со селаните да пригремат и приготват разновидни топли јадења на малку три. Грав, компир и нешто варен помешан зеленчук.

Мајската пролетно-летни убаво миризба во разновидните убави планински цвеќиња на борците и старешините ги занесуваат во нивната усталоженост и успаваност. Тој сончан и убав ден, а утринските часови ги потикнуваат и разбудуваат рафалите на тешките митралези и пушкомитралези, крклотницата почна скоро од сите страни така да опасноста од пукотниците пристигнуваат до уште сонот на борците на главнината што се наоѓаа на одмор. Борците вознемирени од ваквата пукотница почнуваjќи со шеговите со зборовите: пак во Танко ка си имаме работа и до кога ќе се расправаме со бугарите? они уште не сватиле да ќе треба да ја напуштат нашата територија? - зар уште сакат да ги нот и дати остават коските и своите глави по планините. И каки добри и верни сојузници на вермахот-Хитлера. Борците бев просто задевали и без ни малку страв одвај очекуваа да му зададат потполни и смртоносни-тешки удари.

Овчарот батаљон "Стив Наумов" имаше еден специфичан и одговорен задаток, со тоа што како заштитни одред на бригадата имаше и за задача да ги обезбедува и осигурува ранетите борци и војната полска болница на чело со др. Миовски и да ги извлече ранетите и болниците од опкружувањето и бугарската блокада.

Извидниците и осигурувањата кои се вака настапила распоредени северозападно од висорамнината на Црноок вака водеа жестока борба со надмоќните бугарски сили појавувајќи се од сите страни стигајќи до работ на нашите сили. Борбата беше мошне жестока и некомпромисна. Непријателот тукаше од сите страни и оружја од разновидни калибри од пушка до брдски топови и минофрлачи. Првите осигурувања на нашите единици ги држеа своите положај по цена на живот; ~~и стрел~~ уставувајќи налетите на нападите и јуриши кои бугарите ги вршеа беа успешно одбиени. Самиот врв на Црнок (к. 1871) како и другите околни и блиски помали височини кои имаа извонреден доминантен преглед и положај за запоседнување на нашите единици во вид на кружна одбрана спрема новата борбена ситуација, а согласно донесениот план на оперативниот заеднички штаб.

Секако со својата упорност и ~~надмоќноста~~ стојкост на бугарските окупаторски војници и старешини ~~дата~~ допрот до доминантните точки на Црноок останаа безуспешни и несовладливи. Борците иако беа опсипани со жесток оган пак станувале уште потемпераментни и се похрабри како рисови чекајќи го непријателот на одредено блиско отстојание и изненадувајќи, водејќи сметка секој испален куршум на право место. Единиците на третата бригада и косовскиот одред во целост ги имаа запоседнато и завземано доминантните точки и висорамнини северозападно и југозападно на Црноок како и самиот врв. Бугарите од сите страни го стегаа и притискаа обручот, борбата станувашe тешка и тескобна, но борците грчевито се браниа против десеткратниот или подобро речено против шеснаесеткратниот поголем бројчан непријател нанесувајќи му големи луѓски и материјални загуби. Иако сите можни и неможни начини, тактики што ги применуваа бугарските команданти, односно старешини кои присилувајќи и повикувајќи ги војниците да тргнат напред, а до колку не и извршуваат наредбата ќе бидат стрелани. Почнуваат атаки и јуриши со помош на авијација кои надлетуваат над положајта, оли се пак остануваат без успешни поради непосредната блискост и испомешаноста на бугарските војници со нашите кои ги толчаа на секој можен начин нафрлувајќи се на нив давајќи со сè што ќе му дојдеше на рака. Поради тешките загуби нанесени на бугарските окупаторски сили тие и натамо довлекуваше помногу бројни нови и свежи луѓе од разни правци: Крива Паланка, Куманово, Враље и др.

Оперативниот штаб анализирајќи ја ваквата положба и ситуација донесе одлука за извлекување на

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА
Социјалистичка Р...
Општина
РЕ...



нашите единици од обручот и опкружувањето за ова цел
штабот на бригадата долго и опширно размислувајќи од када
беше присобран на западните падини токму спрема движењето на непријателот тамо кадешто се водеа најтешките борби када
што борците вложувале надчовечки и величанствени напори да
го задржат и одмамат непријателот кој беше распореден и разврстан по широчина и ешелониран по должина во неколку колони
и машовити колони фаланги. Од граници, патишта и прагоста-
њето на бомби и експлозии очаа деловите и висорамнините на
планината "Црноок". Но нашите борци-партизани му одолеваа
на сите тактики и маневри на бугарската фашистичка војска
и мајки во предвид нивната борбеност и неспособности водени во
досегашните жестоки борби. Потребно беше да се добие во време
за создавање на услови за извлекување од обручот пошто имавме доста ранети и погинати и ни се чини околу 40 луѓе. Штабот на бригадата празвано и долго анализирајќи ја ситуацијата на кој начин,
како и на кој дел да се изврши урипот и пробојот согледа дека бројот
на ранетите беше зголемен. Попладнето околу 10 часот пак се
размислуваше и се давани различни предлози за единицата која ќе
биде употребена за извршување на јуришот и пробив низ обручот. Пошто другите единици не смееја да го напуштат положајот, падна нарака на нашиот батаљон "Стив Наумов" кој беше како заштитница
и обезбедување на подвижната болница, а на негово место како обезбедување на болницата ќе биде од останати единици во јачина од една
дружина и самите ранети другари. Одлуката за јуриш
и пробив на обручот пренесено е од замен. пол. комесар на третата
бригада Злате Билјановски-Михајло на Командантот-командирите и борците од батаљонот "Стив Наумов". Што значи се
постави сериозна и многу важна и доверителна задача и погледна
на нашите животи треба да се извлечат сите наши единици и да
биде спасена болницата. Командантот на батаљонот Наум Веславски-Овчарот застана пред батаљонот "Стив Наумов" и кажа неколку збора во главни црти како да настапуваат пред борците
и старешините за вршување и замена повторно партизанска
заклетва дека ќе ја извршиме во потполност поставената задача како и досега сите други. Сите борци беа едногласни да нивниот командант нема да ги изневери како и досега што ги водеше
храбро и јуначки, смело и енергично. Гледајќи го пред себе борците и старешините на командантот му се восхитува и одушевува

./.

во секој поглед и стокната цврста и храбра мотусовно до врвот и по цена на многу животи.

Од како пренесаната задача е сватена многу строго и сериозно. Командантот нареди правецот и ред на движењето по единици-чети. Редот на движењето и формирањето на колоната е како што следи: Прва чета на чело со командирот Таца Гудовски комесарот Лонда Тошковски, Втора чета на чело со Крсте Соколовски-Питарка и комесарот Боро Стојановски и Трета чета со командирот ________ комесарот Ефто Ристовски. Членовите на штабот распоредени по четните единици, а на чело на баталјонот се движи Командантот на Првиот баталјон Наум Веслиевски-Овчарот. Борците и старешините Овчаровци следејќи го својот командант кој само со своето присаство им влеваше смелост, сигурност, храброст и голема хладнокрвност, смирувајќи и скротувајќи ги наструпливите. Борците на баталјонот требаше да се пресоберат до големата и густа букова шума како би се преминала и совладала брисаниот простор кој беше чуван од непријателскиот вкрстен автоматски оган. Командантот Овчарот ценејќи ја моменталната положба и ситуација нареди на командирите на четите е што е можно што побрзо без задржување да се совладе брисаниот простор по цена на живот и дадени жртви, како би нашите борци и целиот баталјонот во краток време да се најде во грбот на непријателот. Четата на баталјонот "Стив Наумов" брзо се приближија и распореди со брз залет се најдова од спротивната страна совладувајќи го брисаниот простор, загубувајќи неколку другари.

Баталјонот по преминувањето на брисаниот простор се најде за грбот на непријателските сили ликвидирајќи ги најпрвин митралеските гнезда кои му задаваа големи тешкотии на нашите единици на запоседнатата главни положај југозападно од к.1738 и северозападно од врвот на Црнок. По коковоа ликвидирани првите митралески и минофрлачки непријателски гнезда. Командантот Овчар издаде наредба гласно со рокада на четите, рокирајќи и развртувајќи Прва чета десно, лево од нас на центарот Втора наша чета, а лево од нас Трета чета, јуриш нагоре овчаровци се пренесе громогласно командата на Овчарот и сите како еден извикуваа јуриш нагоре на Ганчо. Гласноста се помеша со клокотањето и врисокот со пукотниците на бомбите, митралезите, автоматските оружја и гранатите како и други минофрлачки и артилериски оруѓа. Борците на баталјонот се на затргнаа затоа што на чело на нивниот строј се наоѓа нивниот легендарен командант и заостанувањето назад нема ни помисла

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ... Социјалистичка Република ... Општински ...

Борците-овчаровци гледајќи и пратејќи го својот неуморлив и мошне храбар командант како на која фрту-на што со непрекинатиот-воловит извик со ура се нафрлуваат на бугарските единици кои секако беа изненадени од нашиот баталјон дека се тоа борците на познатиот командант-Овчар кој ни задаваше големи тешкотии и загрижи. Со таков еден брз и нарикосан јуриш и застрашен напад ги потчаа бугарите и ги гмечеа како питулици удирајќи со што ќе стигнаа и кога ќе стигнаа, настрвена му доагаше на борците да ги даваат како тигри и рисови. Овчарот ги бодреше борците со неговиот громогласен извик напред, напред на јуриш, не смее ни еден бугарин да остане жив, па нека дома се сеќаваат и паметат на оваа борба кога била и каква и кога и со кого. Наскоро јас со мојот Брангал-П. митралез и двата помошника Анга и Туц по команда на командирот на Втора чета Крсто Соколовски-Питарко да ја ликвидираме една група бугарски војници настојувајќи незадржливо да запоседнат погодан положај со намера да дејствуваат против нас; меѓутоа во непосредна близина се најде нашиот командант расправајќи со неколку бугарски војници слушнав дека им раче псувајќи ги што да се расправам со вас аветинки а подобро да ве напраам, пошто шмајзерот немачка марка го имаше постојано подготвен Овчарот и стоеше покосувајќи сите на место.

Откако ова го изврши на нас нескриено внимание привлекувано и неостварливо да се приближиме до групата бугарски војници не да ја заробите туку да ги ликвидирате нареди Овчаро со лутит и оштар командански глас.

Така до борбата на нашиот баталјон траеше се додека бугарската војска не беше разбиена на два дела. Обрачот околу нашите сили за опкружување скинат и пробиен. Главните наши сили на Вториот, Третиот баталјон, косовскиот одред со болницата се извлекоја од бугарскиот обрач, русовиот источните падини на Црноок. Страна бугарската граница кој се мислеше дека од единствениот правец за извлекување према бугарската граница кои секако

./.

бугарските старешини и команданти нималку нераз-мислуваат за овој правец на повлекување на нашата единица југоисточно од Височините на "Црноок" затоа што тамо е бугарска територија и шумкарите ке бидат откриени од таму бугарски сили. Кога вака беше пробан борачот задачата околу 19 часот кога вака во тие пропатни дни дојде баш зголеман и мракот започнува полека и подоцна да се стигне нашиот баталјон со новата група во тилот на непријателот кој го натера да попушти - борачот раскинат и пробиен. Единицата се повлекла во текот на ноќта и во утринските часови на 7 мај се најдова заедно со болницата пристигна во Црна Трава.

Првиот баталјон "Стив Наумов" откако во потполноста ја изврши својата задача по околен пат, преку бугарската територија пристигна на 7 мај 1944 год. во "Црна Трава" и влегува во составот на својата матична Трета бригада. Пристигнувањето на баталјонот беше околу 10 часот заедно со раните од другиот баталјонот. Овчаровци од борците на Трета бригада сердечно беа пречекани со прегратки и бакнежи. Тука беа присобрани и јужноморавските српски единици и Софиската партизанска бригада и др. Во Црна трава остана неколку дена.

## На 12 Мај 1944 год. борба со бугарската многобројна војска на Станичење Крсте-Црна Трава (задачата) на првиот баталјон "Стив Наумов" Овчарот.

Престојувањето на Третата Македонска бригада во Црна Трава, не беше долго, но само замислата на штабот на бригадата а согласно со Главниот штаб на Македонија кој ја имаше улогата како оперативен - Главен штаб на чело со командантот Михајло Апостолски и командантите - односно претставниците на јужноморавските српски бригади кои исто била во овој штаб. Анализирајќи ја целата воено политичка ситуација имајќи во предвид дека пропатната непријателска офанзива а започнатата и во акот за развивање на нашите партизански единици, но само за тоа е потребно да се најде погоден момент и отпра-

-/-

време. Процената ситуацијата Оперативниот штаб преку своите извидувачки делови доаѓа до сознание да непријателот врши голем концентрации на војска и техника од неколку страни, со веројатна намера да изврши опкружување на партизанските единици кои се концентрирале во Црна Трава да ги разбие и уништи.

Откако се утврди вистинската ситуација од извидувачките наши единици се презедоа мерки за излез од оваа ситуација со тоа што Шестата јужноморавска бригада и црнотравскиот одред беа веќе упатени на Станичин крст и успеа да го завземат, а после извесно време беше упатена и Третата македонска бригада да им помогне и нормализира патот просторот на Шестата јужноморавска бригада и црнотравскиот одред за да би имале цврсто држење на гребенот на Станичин крст. Првиот баталјон на чело со командантот Овчар на јуриш го завзеде гребенот продолжувајќи со јуришот следејќи го својот командант почитувајќи негови наредби кога тој прв замавнуваше десно со десната десно со лева на предната рака, - што значи десно крило или лево крило напред.

Бугарската војска беше многубројна постројана и раззастојани едни позади други. Нашите брандови, зорки, автоматите непрекинато кркотеа како хорска песна, а рачните бомби како баритон го надополнуваа музичкиот инструмент. Тогаш првите бугарски редови по тие редови на заостатно се редат други, трети, четврти, и т.н. Паѓаат без број како снопови бугарска војска. Немоќневме да престанеме да напаѓаме, па и просто со нив игри си играевме, само што опаѓа зима со здрави нозе на трна. Тоа се овчаровци, слушајќи ваквите игри кои се извикуваа и изустуваа од устата на борците извикувајќи им на бугарските војници да им дошол крајот на злосторствата што ги преземаа и правеле на невиното население на подрачјето на Козјачијата и други околни населени места. Овчарот ги повикуваше на предавање оти повикано од половината што напаѓаат и јуришаат на нашата НОВ и ПО. крадат без цел без да имаат корист, туку дадат до

./.

дека југосеверниот дел од Станичин Крст на висорамнина-та спрема Босилеградско кон нашата татковина се борат Софиски бугарски партизански единици, овие треба да ги спрема-нита добронамерно и без посебни злосторнички нападнувања и се организирата од фашистичка на Народноослободителна војска на Бугарија и дати оправдата вашите сторени и извршени недела спрема Македонскиот народ и другите наши народи и народности. Инако на секој чекор на нашата татковина ќе бидат тепани и ликвидирани, - вашите глави исто ќе ги оставите на нашата земја Македонија и Југославија - му сугерира и проповеда Овчарот на бугарските окупаторски војници и офицери. Жестока борбата се разгорува, нивните налетни и застапни бугарски јуриши се одбиени благодарејќи на несломливата храброст ^(и политкомесарот)^ на борците Стив Наумовски. Висорамнината на Станичин Крст одекнувала од клокотниците на секаков вид автоматско оружје и треснатото на рачните бомби и од двете страни.

Бугарската војска многубројна и технички добро опремена и ако претрпи доста големи загуби неса откажува од своите идеи и намери отсто врши прегрупирање и концентрација за понов масовен напад и јуриш иако бугарските војници неласно им лежише на срце да се пуштат во таква авантура, но што можеа кога беа присилувани и терани со пиштолите во раце да одат напред гинејќи залудно. Командантот на баталјонот Наум Веселиновски-Овчарот знаејќи дека неговиот баталјон треба прецизно да се бори против непријателот и по цена на животот на борците да ги задржи положаите на Станичин Крст до извлекувањето на главните сили на Трегата Македонска бригада и на другите делови на Јужно Моравските единици.

Овој пат како последен бој непријателот како да вложи во офанзивата нервозна состојба со некаква намера во жестоката ~~борба~~ и тактичната борба на двете страни и ако бугарите паѓаат како сноповите и покосени остануваат се повеќе и поголем и безброј мртви на бојното поле, но од својата намера на остануваќе непријателот, тој на една страна врши низ застојни јуриши и се нафрлуваат на нашите борци на нашето лево крило на Прва чета се помагуваат Командантот Овчарот командува другарски Ганчовци на валија, како да се пијани и ошамутени.

На централниот дел кај Втора и Трета чета на нашиот

./.

ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
Општински одбор
РЕС

баталјон "Стив Наумов" бугарските фашисти применија
накоја итрина борбено приближувајќи се упорно настојките
отпор и стан на нашите борци и старешини (борбите водени околу
крај и шамиевцина) како би тие мислеле да се повикуваат на нивно
потпредавање, меѓутоа. Нашиот командант Наум Веслиавски
Овчаро командува. Непрекиден и силен оган од сите врсти на-
оружјата - секој фишек и куршум да биде употребен и ставан,
во непријателот на место и во час. Овчаро со својот автомат де-
ствува уздолж и попреку на непријателските редови бодрејќи храб-
рејќи борците да се борат со сите сили и останат на положбата
ро до последно, не жалејќи своите животи нанесувајќи на не-
пријателот големи и незапаметени загуби.

Бугарите упорни и тврдоглави во големи борбени колони и ешало-
ни настапуваат нападаат и нуришаат како слепи по отиколантот
ко централните сили се тежат и по секоја цена да се заземе висо-
рамнината и градот на Станичин Крст како би непријателот
со завземањето на овој простор да се разбијат партизанските
единици опкружаат и уништат. Непријателот потпомогнаат
од авијацијата и брзка артилерија, но ефектот го готово нема-
ше успех затоа што бугарските злосторници беа во непосредна
близина и помешани до нашите редови зафатени во коштац, гра-
во втради: се тука, се мава со кундаците, се фаќаат бугарите за гуша
затина и се совладуваат од страна нашите борци, но едно крило борејќи се се
со непријателот кој беа смислено навлегуваше во редовите на на-
шиот фронт на борците на баталјон "Стив Наумовски", почејќи-
ги бугарите на секој чекор и на секаков начин примамувајќи
ги сите важности. Придржувајќи се кон поставената наредба и
задача од командантот Овчаро кои наредил и одредил секоја
чета да се задржи се до извлекувањето на главните сили на
трета македонска бригада и на другите главни сили на
содејствувајќите косовски и јужноморавските српски едини-
ци по својата само заштита повлекување на одран правец и врши-
ка тактички маневарски потег поради доведување непријателот во
заблуда и недоумица.

На Станичин Крст беше на вистина бојште на бојно поле
кога се водеше нерамна тешка борба помеѓу многубројна фашисти-
чка бугарска армија и малобројната, но јака партизанска едини-
ца нанесувајќи на непријателот безбројни загуби и помојата про-
панка на бојштето останаа загинати-убиени околу еден пук војска
што ке го паметат учесниците на таа борба и битка.

./.

Нешто околу паѓањето на првиот мрак се пренесе наредбата на командантот и командирите на баталјонот и четите на борците повлекување према југоисточниот дел на висорамнината на "Станичан Крст" во правецот на Знепова. Се гледа непријателот како да ја осети нашата намера и во последниот момент врши притисок на нас смислејќи дека ние ќе бидеме малодушни за нивна клопка и ликвидирање, чак некој делови на бугарската војска се уклинија во нашата Втора чета со намера да ја дезинтегрира и разбие, меѓутоа тие делови беа дочекани од нашите борци на нашата чета со жесток оган и со сите последни сили нафрлувајќи се како лавови употребувајќи ладно и друго оружја или со што ќе стигнат, така да јас сум се фатил во коштац со двојца бугари со намера да ме совладат и ликвидираат, во тој момент дотрча другарот Гуц мојот помошник пушкомитралјезец и со висок и страшен тон привикна држиса Киро тојко ту нивну бугарску сата ќе видат фрлајќи пушката за цевка со двата раце замавна со кундакот по главата на бугарскиот војник неколку пати борувајќи го на земја - остана мртов. Ослободувајќи мао од притисокот Гуц одедниот војник, јас другиот војник го совладав без тешкотии удирајќи го со мојот Брантон неколку пати по тк-пото и главата војникот падна мртов. На другата страна каде се наоѓаа борците на Прва чета која прва на чело на баталјонот во правецот на повлекувањето на главните сили на Третата бригада јуришајќи и против настојачкиот благодан правец од страна на бугарските војници со големи тешкотии се приклучи кон главнината и силите на бригадата во Знепова. Додека Втора и Трета чета мошне подвижни и расчетливи прасметки со бугарските многубројни војници користејќи поволните услови на мракот го продолжуваат повратниот пат, четите проманувајќи го правецот на извлекувањето во едно пракинувајќи и контактот односно припојувањето со Прва чета и со главните сили на Трета бригада, така да од 12 Мај 1944 година во мајската офанзива на Станичин Крст Втора и Трета чета дејствуваат одвоено и самостојно под раководството на командирите на двете чети и под раководство на Младинскиот раководител на баталјон и заменикот комесарот на баталјонот се до 19 Јули 1944 година кога е водена борба на Петрова Гора во составот на Овчаро баталјон и во целост на Трета Македонска

Посебно е потребно да се нагласи:

Дека Наум Василевски-Овчарот може да се рече тој како борец и командант во текот на НОБ и

./.

и револуција беше и останува како натписива личност и легенда, храбар и неустрашлив, самоиницијативен, одлучен и решителен, строг и праведен, односот кон борците и старешините беше другарски и мошне пристоен и карактерен. Ги бодреше и охрабруваше послабите и новодојдените борци. Знаеше да се налути за по некоја задачи неисполнети и извршени од страна на поедини другари борци и старешини.

Со неговата храброст и способност борците знаеше и умееше да ги поведе во најтешките акции и борби со минимални жртви постигнуваше големи подвизи и успеси задавајќи безбројни жртви на непријателот.

Наум Васиавски-Овчаро и неговото име претставуваше за непријателот, поготово за бугарскиот окупатор како страв и трепет. Овчаровото име и самиот тој како личност непријателот кога што дејствуваше неговиот баталјон од Кожув планина па се до Козјачијата-Црна трава во сите борбени дејствија баталјонот "Стив Наумов" чии командант беше Наум Васиаски-Овчарот кое партизани заоко имеа го нова борците на баталјонот "Овчаровци". Името Овчаро имаше големо уважување и значење, создавајќи страв и трепет на непријателот. Секако свој славен, храбар и мошне способен командант на Македонија, може да се уврсти и изедначи со другите команданти и легенди на револуцијата и НОП и ПОЈ. Кои за секогаш остануваат во историјата нивните имиња и подвизи за спомен и сеќавање врзани во срцата на нашите народи и народности на Југославија за секогаш и неизбрисани.

Сеќавањето
на
Киро Христовски

PS. ./.

Саковонато ти дава Киро Бојко Ристовски - род 1919 год. во с. Тражјано - Егејска Македонија.
Учесник во НОП од 1941 год. како позадински политички-младински раководител. мала Преспа Леринско-Егејска Македонија, од 10 Август 1943 год. кога сум стапил во редовите на НОВ. Битолско-преспански одред. и сум бил како пушкомитралезец во одредите: Коца Долчев, Даме Груев, Пито Гули и Јане Сандански преформирувајќи се од еден во друг одред според потребата и настанатата ситуација. Учесник во Прва Мак. косовска ударна бригада во 2 борца во баталјонот Мирче Ацев - Командант на баталјонот беше како јас го знам по наговот - прекор Овчарот и со него во баталјонот "Стив Наумов" кој ми беше командант на баталјон од 2 борца - Егејска Македонија - Кожув - Караџово Источна група баталјони на Козјачијата - учесник во сите значајни борби против Бугарите и ликвидирањето на четничките банди на "Дража Михајловиќ" така наречен "Вардарски корпус" на подрачјето Козјак - Црна Трава на чело со командантот на баталјонот - Наум Василевски - Овчарот. Заедно со другите борци од баталјонот "Стив Наумов" или подоброрасно "Овчаровци" кои се бореа во составот на III-тата Мак. бригада, а по ударањето на [illegible] и создавањето на Македонската држава во Манастирот Свети Прохор Пчињски - борците со својот командант на чело се вративме на Кожув Тамина. Овчарот беше поставен за командант на Втора бригада, а јас командант на Третиот баталјон на иста бригада.